магазин за

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА


На 76 страници

Година 3 Број 4

Јуни 2024 г.

Цена 150 ден.





**АНАЛИЗА**
Државната матура под лупа на надлежните

**ТЕМА**
Новиот владин кабинет

**КОМПАРАЦИЈА**
Туризмот во Македонија и во регионот


ISSN 2671-3934

5 318000 033115


www.magazinturizam.mk





Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник, м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАТЕМА: **Приватни наспроти државни универзитети** 4



АНАЛИЗА: **Државната матура под лупа на надлежните** 10



КОЛУМНА: **Зошто да го одберат идните студенти Универзитетот Скопје?** 20



ТЕМА: **Новиот владин кабинет** 24



МОЈА ОПШТИНА: **Интервју со градоначалникот на Дојран, Анго АНГОВ** 36



РЕПОРТАЖА: **Ниш - еден од најстарите градови на Балканот, ризница на историски артефакти** 42



ДУРБИН: **Универзитетот Скопје најинспиративен приватен универзитет** 50



ИДНИНА: **Наши алумни: Спасе МАНЕВ** 54



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со Рахел Шели Друмер, професорка од Израел** 60



КОМПАРАЦИЈА: **Туризмот во Македонија и во регионот** 66

ЗПГМ ЗПГМ

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ




Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/



## М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# КАКО ДА ГИ ЗАДРЖИМЕ МЛАДИТЕ УМОВИ ДОМА?



*Секој трет млад човек сака да се исели од државата. Незадоволни од системот во кој живеат, од недоволно вреднуваниот труд, тие сакаат да го напуштат родното огниште.*

*Најзагрижувачки е што си заминуваат младите високообразовани кадри оставајќи ја земјава без развојни перспективи. Одливот на мозоци од година во година расте. На прсти се бројат младите што сакаат да останат во земјава. Каде „затаи“ системот? Каде потфрли државниот апарат? Зошто ретко кој млад човек својата иднина ја гледа во Македонија?*

*Кого и да прашате какви се македонските работници на работа во странство, ќе добиете најдобри препораки за нивните перформанси. Па зошто тогаш, македонските компании се жалат дека не можат да најдат квалитетен и квалификуван кадар меѓу илјадниците невработени лица во земјава кои бараат активно работа? Дали луѓето намерно „си ги кријат вештините“ поради ниските плати за да не бидат „натоварени“ со дополнителни обврски или, пак, навистина немаат вештини и знаења?*

*Анкетите покажуваат дека две третини од младите едвај чекаат можност да си заминат бидејќи се незадоволни од образованието и не гледаат перспективи за развој.*

*Како главна причина се посочуваат незадоволството од квалитетот на образовниот систем и недостигот од практична настава. Младите сметаат дека ако се подобри квалитетот на образованието, може да се подобри и квалитетот на живот. Здраво образование е гаранција за здрав и силен развој на општеството, па затоа и очекувањата се промените да почнат од најважниот столб за сегашните и за сите идни генерации!*



Работодавачите бараат квалификуван кадар, не само диплома.
*Извор: vrabotuvanje.com*

# НИТУ ЕДНА ЦЕНА НЕ Е ТОЛКУ ВИСОКА ЗА ИНВЕСТИЦИЈА ВО ИДНИНАТА

Работодавците бараат подготвен кадар, не само документ во рака. Стопанството постојано ја повторува оваа реченица, но кај академската фела на државните факултети нема слух. Клучно за работодавците при вработувањето млад кадар е проактивноста и желбата за учење и напредок. Во јавноста има многу дилеми и многу дебати на темата дали добиваат младите подобро образование на приватен или на државен универзитет. Кои се придобивките и кои се разликите?

Ако се стават на вага добрите и лошите страни на начинот на учење на државните и на приватните факултети, предност имаат приватните.



Миленковски: „Разликите се во инвестициите. На нашиот универзитет немаме дрвени клупи и столчиња, работата е слободна во мали групи.“

Во моментот кога ќе влезете низ вратата на приватните универзитети, не се чувствуваат тензијата и притисокот што се честа појава кај младите при запишување на факултет. Првиот чекор кон својата иднина е едноставен да се направи бидејќи средината е безбедна, ја поттикнува самодовербата, не постојат дискриминација и критики, а личноста се прифаќа целосно со сите свои мани и доблести. Таму академската фела го прифаќа сето она што студентите го носат со себе.

Па така, на приватните универзитети нема турканици на шалтерот за „студентски прашања“, нема „молби“ за потпис во индекс ниту проблеми со материјалите за учење. Таму студентите не под непотребен стрес, а професорите не им се обраќаат на студентите со понижувачки тон. Таму се комуницира

преку мејл, на Вибер или едноставно преку телефон бидејќи професорите се тука за студентите.

Но, тоа е само почеток на решавањето на проблемите со кои секојдневно се соочуваат студентите. За тоа која е разликата помеѓу приватните и државните универзитети, ректорот на Универзитетот Скопје, проф. д-р Аце Миленковски, учествуваше на дебата како дел од проектот „Зајакнување на вашиот потенцијал“, каде што ценети професори, студенти и членови на локалната заедница се собраа да разговараат за квалитетот во високообразовните институции во Република Македонија и за предизвиците со кои се соочуваат тие.

***„Крајно време е да се срушат стереотипите, да се надминат предрасудите и да се фати чекор со времето. Може да се сетите, на пример, во осумдесеттите години – тогаш јас бев обичен наставник по предметот Географија – каков телефон имавме сите дома: со рачка и кабел и вртевме нула. Денес е поинаку. Како што се сменија телефоните, информациските технологии, медицината и автомобилската индустрија, така и екстензивното образование треба да се смени. Не може сè уште да има училишта со зелени табли и со креда (а има и такви со бели табли и со маркери). Во денешно време не може сè уште има училишта без интернет или училишта каде што наставниот кадар не се приспособил на новото време. Денес имаме училишта каде што студентите се понапредни од професорите што им предаваат. Тука мислам и на универзитетите. Токму тука е предноста на нашиот универзитет. Ние немаме зелени табли, имаме еден голем телевизор со ‚тач‘. На нашиот универзитет немаме дрвени клупи и столчиња, туку модерни предавални. Се учи во мали групи од десет-петнаесет до максимум дваесет студенти. Со други зборови, модерното образование е секторот што го претставувам. Сметам дека образованието не може да се дели на државно и на приватно. Разликата е во инвестициите. Важни се инвестициите, а потоа и цената што се плаќа за да се добие знаење. Но, ниту една цена не може да биде толку висока за да останете без знаење. И јас завршив на ‚Св. Кирил и Методиј‘ и не сакам да зборувам лошо за државните универзитети. Но, приватните донесоа нови времиња, повисоки критериуми, современ наставен кадар и современи услови за работа, светски методологии за работа и мерливост на знаењето“***, вели проф. д-р Аце Миленковски, ректор на Универзитетот Скопје.

Предности на приватните универзитети се соодветен и добро опремен простор, професионална пракса, работилници, семинари за професионално усовршување, натпревари на кои студентите го проверуваат нивото на своето знаење и вештини. Но, најголема разлика е во начинот на оценување.

***„Како добивате шестка, осмица, деветка? На нашиот универзитет никој не учествува директно во оценувањето. Не прегледуваме тестови, колоквиуми или завршни тестови. Тестот има само шифра. Компјутерот го има клучот за решавање. Тестот е кодиран. Нема име и презиме. Читач го прегледува. Компјутерот бележи точно или неточно и прави ранг-листа на резултатите“***, појаснува проф. д-р Аце Миленковски, ректор на Универзитетот Скопје.

Ректорот Миленковски објаснува дека инвестициите во образовниот процес се исклучително важни и дека вловите од раководните структури, во условите



за учење и во светските методологии се клучни. Според ректорот, успехот на универзитетот не се мери според тоа колку студенти се запишале, туку колку дипломирале успешно и на време. Тој објаснува дека нашиот образовен систем има проблем што треба да го признаеме јавно: проодноста на учениците на полуматура е 100%, во средните училишта таа се намалувана на 98%, а кога ќе се запишат на некој од државните факултети, проодноста на студентите паѓа на 34 до 36 отсто. Тоа, според ректорот Миленковски, покажува дека треба да се промени начинот на кој се третираат студентите и како се вреднува нивното знаење. На Универзитетот Скопје проодноста е 80%, укажува на квалитетно поминато време и вложување во студентите.

*„На која основа е дадена оцената? Според што една шестка е шестка? Која е мерката на објективното оценување? Оценка од око? Такви оценки не постојат во светот. Ние имаме професори на нашите државни универзитети што селектираат кој ќе заврши, а кој не високо образование. Додека проодноста на нашиот универзитет е 80%, на државните е само 34-36%. Дали значи тоа дека ќе прифатиме дека од запишаните студенти, само 34% ќе дипломираат, а дека другите се отпад? Дали тоа значи дека нашата младина не е добра? Не, тоа значи дека ние немаме критериуми за оценување и дека имаме сосема погрешна стратегија во тој поглед. Ако ја погледнете листата на најголемите светски универзитети, на најпознатите – и Харвард, Детроид, Торонто, или европските Оксфорд и Кембриџ – ќе видите дека најнискиот процент на проодност е 78%“*, нагласува проф. д-р Аце Миленковски, ректор на Универзитетот Скопје.

Ректорот сподели еден пример, каде што



Миленковски: „Не прегледуваме тестови, колквиуми или завршни тестови. Тетсот има само шифра. Компјутерот го има клчучот на решавање.“




Миленковски: „Студентите треба да се подготват за да се соочат со своите работни места. Вработувањето на студентите е еден од критериумите на шангајската листа.“

на државните универзитети по предметот Маркетинг, од 170 студенти положиле само 6.

*„Станува збор за умислени професори и стереотипи што треба да се надминат. Ние и нашите исфрустрирани професори ги кочиме нашите деца, нашата младина, затоа што не сакаме да признаеме дека доаѓаат нови генерации што знаат многу повеќе. Студентите се по десет часа на телефон секој ден. Мислите дека професорите знаат повеќе од нивните паметни телефони? Како ќе ги прашате дефиниција за маркетинг кога тие работат многу повеќе маркетинг отколку еден професор што предава маркетинг? Нашата главна улога е да ги подготвиме да се соочат со своето идно работно место. Тоа треба да го умееме. Да им пренесеме, да има дадеме квалитетно знаење и соодветни вештини за да ги станат компетентни за работните позиции што ги очекуваат: дипломиран инженер, економист, педагог, менаџер во туризам. Тоа е и еден од критериумите на Шангајската листа, еден од главните моменти – бројот на вработени од дипломирани студенти“*, вели проф. д-р Аце Миленковски, ректор на Универзитетот Скопје.

Ректорот Миленковски ја нагласи важноста од охрабрувањето и поттикнувањето на младите луѓе да го продолжат своето образование дома, но во средина што ќе го вреднува нивниот придонес и максимално ќе ги искористи нивните капацитети, средина што ќе им овозможи активно да придонесуваат за напредокот и за просперитетот на татковината и на нацијата.

Сите учесници во дебатата упатија апел за итни системски реформи во високото образование, а приоритет да биде воспоставување основни стандарди за квалитет. Сметаат дека е потребна итна акција на институциите со цел да се обезбеди пристап за сите ученици до висококвалитетно образование.

Академик Денис М. Хоган, кој пишува за состојбата на високото образование во Соединетите Американски Држави, вели:

*„Ако размислувате за начинот на кој им се продава на студентите универзитетското образование, без разлика дали е државно или приватно, идејата е дека нема таква сума пари што е превисока да ја потрошите на вашето образование бидејќи премијата од платата од факултетската диплома ќе ви го врати влогот. Знаењето е нешто слично со недвижниот имот. Секогаш е добра идеја да се трошат пари на недвижен имот бидејќи секогаш ќе заработите повеќе отколку што сте вложиле.“*

Во едно од интервјуата на д-р Немања Бербер од Економскиот факултет во Суботица на Универзитетот во Нови Сад, вели дека практиката не покажува дека студентите од државните факултети имаат предности при вработувањето, ниту дека на работодавците им е важно од кој факултет доаѓаат нивните вработени.

*„Работодавците бараат млади дипломирани студенти што покажуваат проактивност, не само знаење. Дипломата е билет за светот на бизнисот, која гарантира дека сте стекнале знаења од одредена област, дека сте биле вредни како студент, дека сте завршиле сè што се очекувало од вас во текот на студирањето и дека сте подготвени да се справувате со предизвици. Но, ако студентот стекнал квалитетно знаење, соодветни вештини и потребни компетенции за да се вработи еден ден или за да отвори сопствен бизнис, тоа е показателот дека студиската програма вреди“*, вели д-р Немања Бербер од Економскиот факултет во Суботица на Универзитетот во Нови Сад.

# ДРЖАВНА МАТУРА ИЛИ ДРЖАВНА СВЕСТ И СОВЕСТ



На група на Вибер со речиси 7.000 членови се споделуваа точните одговори од испитот по мајчин јазик. Доказ за тоа беа фотографиите кои се појавија во јавноста. Учениците уште пред почетокот на испитот го фотографирале тестот, а неколку часа подоцна почнале да се споделуваат и одговорите.

Од тие причини, Државниот испитен центар за првпат формира 10 комисии, по една за секој предмет од матурата, кои утврдуваа евентуални неправилности и препишувачи.  Исто така, за ова формираше комисија составена од експерти со задача да откријат кои матуранти препишувале. Тестовите на препишувачите беа поништени и тие ќе полагаат во августовскиот рок.

Иако изминаа петнаесетина години од воведувањето на Државната матура, вакви пропусти сè уште се случуваат. Кој е виновникот, беше најчесто поставуваното прашање на оваа тема во изминатиов период.

# ПРИЧИНИ КОИ ЈА КРЕИРААТ МАТУРАТА КАКО „НЕВОЗМОЖНА МИСИЈА“



М-Р СОЊА ЗДРАВКОВСКА АНДОНОВИЌ, ПРОФЕСОРКА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА И МАГИСТЕР ПО КУЛТУРОЛОГИЈА ВО КНИЖЕВНОСТА :

**_Најголемиот проблем доаѓа од несоодветно поставените прашања и задачи во тестовите односно несоодветен концепт и испитна програма на Државната матура._**

За имплементирање на секој нов проект потребна е подготовка, создавање услови за квалитетно одвивање на процесот. Според м-р Соња Здравковска-Андоновиќ, професорка по македонски јазик и литература и магистер по културологија во книжевноста, после толку години не само што не успеавме да се подготвиме туку и сè полошо се претставуваме кон матурантите кои се нашите идни академски граѓани и граѓани на ова општество, иднината на нашата земја.

**_„Последните пет години доброволно се пријавувам од моето училиште да бидам тестатор на Државната матура, за да можам да видам што точно се случува на денот на полагањето. Откако учениците ја завршија четвртата година, ги направија матурските прослави, нормално, се опуштија, треба повторно да седнат да учат и да дојдат да полагаат. Што да полагаат? Предметот кој четири години, четири дена, речиси секој ден, го имаат како час во училиште. Учениците се оценети по овој предмет, оценките им се заклучени, ама некој треба дополнително да им го провери знаењето!? И сè ќе биде во ред ако на соодветен начин се случува проверката на знаењето. После толку години анализа на состојбата, доаѓаме до заклучок која_**

***е главна причина за лошата состојба во врска со матурата. Именo, најголемиот проблем доаѓа од несоодветно поставените прашања и задачи во тестовите односно несоодветен Концепт и Испитна програма на Државната матура“,*** вели Здравковска-Андоновиќ и дополнува дека ако тестот е соодветен, со правилно поставени прашања, добро осмислени испитни програми, тогаш учениците без поголем проблем ќе го решат тестот.

***„Но, создавањето тест прашања е цела една наука и ретко кој од креаторите на прашањата ја имаат совладано оваа проблематика. Исто така, најчесто „експертите“ кои ги креираат прашањата се далеку од наставниот процес во Средното образование, како и од Наставните програми, па дури и од светот на младите луѓе. Имено, предметот македонски јазик и литература се состои од два дела: Македонски јазик, дел во кој се проучува граматиката на македонскиот литературен јазик и Литература, дел во кој се проучуваат македонските и светските литературни дела. Има огромна разлика меѓу овие два дела. Јазикот е наука и дозволува до некаде да се проверуваат знаењата низ тест прашања. Но, литературата е уметност, таа е плуралност, таа е емоција, чувство, идеја, доживување, размислување, впечатоци и како таква, и знаењата за литературата и љубовта кон неа, не може да се проверат низ тест прашања. Оттука многу ученици, кои со љубов, четири години, работеле и создавале на часовите по македонски јазик и литература и сакале да студираат книжевност или македонски јазик, по матурата, потполно разочарани, не се запишуваат на Филолошкиот факултет. За ова постојат и релевантни статистички податоци кои укажуваат на драстично намалениот број на запишани студенти по македонски јазик и книжевност, откако се воведе Државната матура“***, посочува професорката.

***„Но, зачудува фактот како колегите, почитуваните професори, не го согледуваат овој факт и како ниеднаш факултетот на излезе со реакција!? Што се случува на денот на испитот? Паника, стрес, нееднакви услови за полагање за сите ученици. Имено, некои се во релативно нормални простории за работа, училници, а, по ново, ходници или сали, а некои полагаат во простории во кои нема воздух, не се дише, претопло е. Потоа, некои тестатори се однесуваат доблесно и со почит кон учениците, некои се непријателски расположени и со непочитување, некои креираат соработка, но и претеруваат итн. што создава и нееднаква работна атмосфера за учениците. Но, најстрашно од сѐ е сознанието дека се создава мислење или се креира впечаток дека сме ги собрале и еве сега, ќе видат тие, ќе ги фатиме како не знаат. А, кого понижуваме? Сопствените деца? Децата кои треба да ги охрабриме да живеат во оваа земја, да создаваат, да се чувствуваат убаво. А, ние што правиме? Им покажуваме дека сега „ние“ ќе провериме колку навистина знаат, колку навистина научиле во овие тринаесет години, односно толку години го изучуваат јазикот, девет години Основно и четири години Средно образование. А, научиле онолку колку што целокупното образование ги мотивирало да научат. А што треба да ги мотивира нашите ученици? Добро да размислиме“***, открива Здравковска-Андоновиќ и додава дека прегледувањето на тестовите е посебна тема. Тука, секако има исто така разлика од прегледувач до прегледувач.

***„Замислете колку само се оштетени децата на овој начин. И заради оваа состојба на неправедност, се откажав од прегледувач. Не е веќе тајна дека во една од „елитните“ гимназии во Скопје, каде повеќето од учениците се оценети со петка по предметите кои полагаат***

***матура (македонски јазик и литература и англиски јазик или  математика) за време на испитот влегува лице кое го има клучот од тестот и на учениците јавно, транспарентно им ги чита точните одговори. Ова го кажуваат ученици, колеги и е јавна тајна, со години. Детето на мојата пријателка разочарано по испитот прашуваше зошто толку учев и се трудев кога некои без учење си ги добија точните одговори. Е, па? Што да кажеме по ова? Токму овие деца, ученици, ја напуштаат земјава. Разочарани, понижени, соочени со лага и со сознанието дека треба да ссснајдеш, дека не е важно колку си учел туку како си се снашол“***, вели професорката.

Потребно е учениците да полагаат Државна матура за да се запишат на студии во странство. На ова Здравковска-Андоновиќ реплицира ***„Ме интересера колку на тоа странство му е потребно децата да го владеат македонскиот јазик? Тогаш нека полагаат Државна матура само тие ученици кои треба да студираат во странство и кои  треба да покажат колку го владеат македонскиот и англискиот јазик. Инаку, ние секако ја имаме просечната оценка на учениците од целата држава по предметот македонски јазик и литература и по предметот англиски јазик или математика. Со Државната матура го добиваме исто така просекот по овие предмети. Зошто ја повторуваме истата работа, кога веќе тој просек го имаме по завршувањето на средното образование“***, посочува професорката и резимира:

***„Несоодветно и неправилно поставени прашања односно несоодветен Концепт или Испитна програма за Државна матура, особено, организирање на Државна матура единствено  низ концептот на тест-прашања, неусогласеност со Наставните програми и Испитната програма за Државна матура, несоодветни услови, несоодветни простории при одржување на матурата, тестатори со нееединствен начин на работење, прегледувачи со нееединствен начин на прегледување, односно оценување и на крај,  ученици кои мораат да добијат високи оценки за да се запишат на посакуваниот факултет, па заради тоа и мора да се снајдат. Сите овие причини ја креираат матурата како невозможна мисија. Да не се лажеме, за да имаме Државна матура од калибарот на Европа, потребна е повисока свест и совест. Потребно е секој учесник во овој проект совесно, човечно и одговорно да пристапи кон креирање на Државната матура. А, ние што направивме? Ја покажавме целата наша несовршеност пред штотуку навршените полнолетници и уште сме подготвени и да ги казниме заради тоа. Не можеме да ги казнуваме учениците, впрочем тие се нашето „огледало“. Тие се однесуваат така како што се однесуваме ние возрасните, наставниците, родителите, политичарите. Каков пример сме им дале, таков начин на однесување ќе прифатат“***, вели Здравковска-Андоновиќ.

Поради овие причини, предлага да се спроведуваат приемни испити на факултетите кои соодветно ќе создадат тестови според потребите и политиките на факултетот или да се разгледа идејата за Државна матура која нема да го вреднува ученикот единствено низ тест-прашања, туку ќе се разгледува можноста кај ученикот да се вреднува неговата креативност, вештини, хуманизмот, толеранцијата, кои како концепт се применуваат во Меѓународната матура.

***„Еве што се вреднува кај ученикот кој е приклучен кон Програмата за Меѓународна матура (https://josip-broztito.edu.mk/megjunarodna-matura/: Учениците имаат можност да развијат систем на вредности, хуманост, толеранција и разбирање за другите, интернационализам и свест за плурикултурализам и мултикултурната природа на општеството и светот. (https://josipbroztito.edu.mk/megjun-***

***arodna-matura/). Да размислиме, дали е подобро да ги охрабриме учениците во индивидуалната способност и моќ која ја поседуваат како млади луѓе или да ги убедуваме дека треба да го исконтролираме нивното знаење стекнато по македонски јазик и литература и англиски јазик или математика, единствено низ тест-прашања за кои истражувањата покажуваат дека се масовен атак на индивидуалните квалитети на ученикот“***, заклучува професорката..

Да не заборавиме дека децата се под континуиран стрес на постојано испитување проверка на знаењата.



ПРОФ. Д-Р МИРОСЛАВ ПЕНДАРОСКИ, ПСИХОЛОГ, УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПРОФЕСОР:

> ***„Анксиозноста и стравот произлезен од очекувањата на резултатите, од кои, да не заборавиме зависи иднината на младите, дополнително ја „забиберува“ сета стресна и постстресна ситуација.***

Како се чувствуваат полнолетни деца, адолесценти, кои се оценети, со заклучени оценки и повикани повторно и одново да го покажат своето знаење низ тест прашања кои не се најсоодветен начин за проверка на знаењето, особено не од областа на литературата која постои за развивање на потполно други вредности, креативност, емоции, чувства, размислувања, доживувања, идеи, дискусија, дебата, а не меморирање на податоци.

Според проф. д-р Мирослав Пендароски, психолог, Универзитетски професор секоја форма на испитување, тестирање, било каква проверка на знаењата, особено во повеќе наврати на истото градиво, само по себе е стресно и непријатно.

***„Да не заборавиме дека тие деца веќе неколку години се под континуиран стрес на постојано испитување, проверка на знаењата, посета на часови, тестови, писмени и сл. По тој долг период, а пред настапот на следното важно ниво на животот, без разлика дали тоа ќе биде***

*одење на факултет за средношколците или влегување на пазарот на трудот, да не заборавиме дека на овие млади луѓе им треба позитивна пауза, релаксација, време за консолидирање на сопствените перцепции, желби, потреби итн. На крај на краиштата, како е можно еден млад човек да одлучи на најдобриот можен начин доколку тој сеуште не е излезен од долгиот воспитно-образовен процес, веднаш се става на нови и паралелни испити кои оневозможуваат позитивна дистанца од веќе поминатото, соземање пред новите одлуки и конечно, носење на зрела и автентична одлука каде понатаму. Според мене, литературата, како што убаво посочивте, служи за ширење на хоризонтите на младиот ум, негово освестување и зголемување на животната мудрост и егзистенцијалистичките неопходности. И надвор од темата на матурските испити, литературата изнудува поинакви форми на учење, развој и креација, т.е. постојат низа форми на испитување на таквите знаења не преку класични испитувања, туку преку креативни форми на изразување, дискусија, анализа, понадворешнување на импресиите од делата и една општо психолошко-експресивна форма на изразување. Целиот концепт на современото образование треба да го следи моментот на промена на социо-културните и општествените текови кои, и тоа како се видоизменија последниве 2-3 декади“*, вели професорот кој на констатацијата како се чувствуваат учениците дека тестирањата се вршат во спортски сали и холови од училиштата, па дури и полагање во друго училиште.

*„Видете, ако содржината е оправдана, тогаш условите се релативна работа! Да речеме дека една таква позитивистичка макевијалистичка филозофија е оправдано, само и само ако целите се навистина вистински и суштински! Сакам да кажам дека самиот факт на проблематичноста на целиот концепт на екстерно оценување, матурски испит и што и да е слично, сам по себе е проблематичен па со самото тоа. На младите луѓе се што е дополнително проблематично им создава уште покомплексни чувства и специфични тешкотии, од просторно-еколошки и здравствен аспект. Се разбира дека одржување на испит од 3-4 часови, под присмотра на оценувачи кои и самите се под голем стрес  и тоа како е проблематично нешто. Згора на тоа и анксиозноста и стравот произлезен од очекувањата на резултатите, од кои, да не заборавиме зависи иднината на младите, дополнително ја забиберува сета стресна и постстресна ситуација. А,  каде е заслужениот летен одмор на младите, кој здраво, релаксирачки и олеснувачко-освежувачки дејствуваат на младата психа и тело. Како се чувствуваат по сето кажано, можете само да претпоставите. И дури полагале, дури добијат резултати, дури се обидат да се запишат на факултет, ете, одморот поминал и тие млади луѓе влегуваат во нов сложен процес на себедокажување а ниту се доволни излезени од претходниот стрес и соодветно рехабилитирани, ниту пак се спремни за новите предизвици“*, посочува професорот.

И покрај тоа што успехот или неуспехот на учениците не влијае и не ја вреднува работата на професорите, се поставува прашањето дали самиот чин на „преоценување“ на учениците влијае на почитувањето односно непочитувањето  на наставникот и неговата работа, системот на вредности на оценување на ученикот, како се чувствуваат и наставниците.

*„Ах, наставниците се само уште една колатерална штета на сиот стресен процес.Како да ви кажам, замислете дека цела година, четири години сте се труделе да пренесете знаења, вештини, да останете на средето од*

*легитимноста на еден и онака сложен и комплексен процес, и, по тие години, некој ви вели: повели, да видиме колку добро си работел/а. Далеку е од умот дека сите наставници се на ниво на задачата, се чини дека многу е опаднат квалитетот на нивната спрема, но, сепак, повеќето од нив си ја вршат својата работа како што треба. Се разбира, дека од психолошки аспект и тоа како сиот процес влијае на нивниот процес на само-оцена, себе-ефикасност и чувството на самодоверба во сопствените капацитет и кадарности. И најдобри да сте, секоја година ако сте (пре)испитувани и преформулирани, природно е да се чувствувате збунето, несигурно и анксиозно. Од друга страна пак, самиот факт дека наставниците учествуваат во процесот на претходно оценување кое е меродавно за екстерното, кај учениците создава аверзија кон наставникот, колку и тој да бил и е почитуван од ученикот. Од трета страна тука се и родителите, и се создава една непријатна тријада која и онака сите тие четири години била во взаемен меѓуоднос, и вие сега повторно тие страни на процесот ги изложувате едни наспроти други"*, вели Пендаровски, кој на прашањето поврзано со истражувањата кои покажуваат дека вреднувањето на успехот на ученикот единствено низ тест прашања влијае негативно на самодовербата, себепочитувањето и себевреднувањето кај учениците. Зошто тоа им го правиме на нашите деца и зошто дозволуваме да се вреднувани единствено низ тест прашања? Какви наставници и родители сме ние кои го дозволуваме тоа?

*„Секако дека многу истражувања покажале и покажуваат дека тест-вреднувањето на нечие знаење влијае на само-чувството кај младиот човек. Во време на либерализам и интелектуална демократија, во време на интернет и сеопшта достапност ан се и сешто, трагично е, жално е, иронично е да останеме во 19-от век. Од една страна, примаме од западот сè што е модерно, тренди, ново и светкаво, а токму во процесот на осовременување на воспитно-образовниот систем, не применуваме новитети кои и тоа како се позитивни! Се разбира, одговорни сме сите: родители, наставници, директори, министри, целата држава и пошироката човекова активност на најшироко, глобално светско ниво. За жал, живееме во атмосфера во која мора да бидеме гласни за нештата да се променат. Со промените во нашата средина, очекувам дека и овие нешта ќе бидат променети"*, заклучува проф. д-р Мирослав Пендароски.

## ТРАЈКОСКА: *Секогаш сум за нешто ново, да се менуваме кон подобро, но со голема почит и внимателност кон добрите практики од минатото.*

Бети Трајкоска, пратеничка во Собранието од редовите на ВМРО–ДПМНЕ, дава свое размислување за Државната матура, од лично искуство и од континуирано следење на настаните поврзани со неа. Според Трајковска покрај личната корист која учениците ја имаат за проценка на сопственото знаење, корист има и државата. Резултатите од матурата ни даваат можност за сериозни анализи од кои може да се влечат заклучоци за подобрување на образовниот систем.

Што вреднуваме со Државната матура? Ја имаме просечната оценка по македонски јазик и литература и англиски јазик или математика на ниво на Македонија, секоја година. Дали се дуплираат добиените податоци од Државната матура?

*„Со испитите по јазик и литература се проверуваат знаења и способности на учениците од две програмски подрачја: јазик и литература. Од подрачјето јазик, се проверуваат способностите*



БЕТИ С. ТРАЈКОСКА, ПРАТЕНИЧКА ВО СОБРАНИЕТО ОД РЕДОВИТЕ НА ВМРО–ДПМНЕ:

**„*Образованието не е проблем, образованието е можност, можност да научите нешто, а јас имам научено дека со многу работа и упорност сè се надминува.*"**



*за правилна употреба на избраниот јазик, додека од подрачјето литература се проверуваат способностите на учениците за аналитички и критички пристап кон литературни дела, самостојно пишување на текст од определена област. Истото се провлекува и со останатите предмети што се дел од Државната матура, со испитите се проверуваат стекнатите знаења и способности во различни подрачја од предметот на различен број тежински нивоа. Доколку навлеземе во анализа на резултатите од Државната матура би истакнала едно мое размислување. Резултатите глобално се движат околу 75% просечниот процент на решеност на испитите, но истите се разликуваат по територијални области и структурни карактеристики на населението. Уште една дополнителна разлика е големата дискрепанција која постои меѓу оценките добиени во училиштето и остварениот резултат на матурскиот испит. Минатата година средната оценка на матурата била 3,6 додека во училиштата е поинаку.*

*Оттука, покрај личната корист која учениците ја имаат за проценка на сопственото знаење, корист има и државата. Резултатите од матурата ни даваат можност за сериозни анализи од кои може да се влечат заклучоци за подобрување на образовниот систем.*

*Откако се воведе Државната матура, се намали бројот на запишани студенти на Катедрата по македонски јазик и македонска книжевност. Разочараните ученици не се запишуваат на Филолошкиот факултет по полагањето на Матурата. Зошто не реагираат професорите од факултетите? Чиј*

*заклучок или теза е дека се намалил бројот на катедрата за македонски јазик поради државната матура?*

*Во цел свет се знае дека познавањето на јазикот на државата е примарно. Децата го изучуваат и го говорат уште од мали нозе. Но, проблемите започнуваат со третманот на јазикот во основното образование, па средното и понатаму.*

*Имено, колку што мене ми е познато, а има и точни податоци дека за вработување во училиште дипломираните чекаат по 6-7 години. Дополнително, незадоволството од професорскиот третман и платен труд расте секој ден.*

*Со дипломата која ја стекнуваат студентите, намалена е можноста и изборот за примена на наученото од факултетот. Има голем број фактори кои влијаат, но не сметам дека поради полагањето на државната матура се намалува бројот на запишани матуранти на Филолошкиот факултет.*

*Според мене, убаво би било да се анкетираат матурантите кои пак ќе дадат некои показатели што треба да се менува и дипломираните на катедрата по македонски јазик со кои предизвици се соочуваат. Има многу работа за професорите од Катедрата за македонски јазик, тие да бидат уште повеќе проактивни во промовирање на можностите и придобивките од студиите, но и студентите да се стимулираат за дефицитарни професии.*

*Едно е повеќе од јасно, овие катедри треба да се реформираат, затоа што новото време бара иноватовен методички пристсп. А, каков професорски кадар ќе произведете, таков наставнички кадар ќе ги воспитува и учи децата.*

*Дали треба да размислуваме за менување на концептот на Државната матура и Испитните програми. Има ли можност да размислуваме за прифаќање на Наставни програми и планови од концептот на Меѓународната матура?*

*Еве дел од нивниот концепт: наставата и учењето се изведуваат во согласност со најсовремен наставен план и програма кои се насочени кон стекнување на знаење, развој на вештини во голем број на области, оспособување за пишување на различни видови текстови, семинарски работи, портфолија и матурски задачи. Учениците развиваат одговорност за своето образование, самодисциплина и академски вештини за понатамошно образование и доживотно учење. Учениците имаат можност да развијат систем на вредности, хуманост, толеранција и разбирање за другите, интернационализам и свест за плурикултурализам и мултикултурната природа на општеството и светот".*

*„Секогаш сум за нешто ново, да се менуваме кон подобро, но со голема почит и внимателност секако кон добрите практики од минатото. Сум имала можност да работам по концептот на Меѓународна матура и искрено многу ми се допаѓа. Она што како искуство би го издвоила и сакам да се применува и имплементира во идните промени во образованието е тоа учениците да имаат добри услови, во училиштата и надвор од нив, каде на креативен начин би ги презентирале стекнатите знаења, а на наставниците повеќе да им се вреднува трудот вложен во реализација на оваа крајна цел.*

*Верувам дека ќе се случат промени на наставните планови и програми. Верувам дека во иднина ќе се стави фокус на развивање на демократијата и базните човекови права, но и стекнување на многу други животни и општествени вештини."*

Дали има начин матурата да не се изведува единствено низ тест прашања кои ја исцрпуваат само меморијата на учениците или во најголема мера? Постои ли начин да се проверува и вреднува креативноста на учениците, како и горespоменатите

вредности кои се развиваат со Меѓународната матура: креативност, хуманост, толеранција и разбирање за другите, интернационализам, мултикултурализам, а не само познавање на македонски и англиски јазик?

*„Начини за промени секогаш постојат. Матурскиот испит во Македонија се спроведува многу слично како матурските испити во многу земји во ЕУ. Овој проект доби позитивни оценки од ЕУ, а за содржината на испитните прашање секогаш може да се дискутира. Верувам дека со нови наставни програми и содржината на матурскиот испит ќе биде поинаква."*

Во една скопска гимназија, „јавна тајна" е дека секоја година, на учениците им се диктираат точните одговори од тестот. Станува збор за „елитна" гимназија и повеќето ученици се оценети со петка, па затоа и на сите им се диктираат точните одговори. Кој „замижува" пред оваа вистина и зошто? И до кога?

*„Јас оваа  јавна тајна сум ја слушнала, но не била поврзана со елита гимназија туку со нешто друго. Да зборуваме за факти, а факт е дека се потребни промени. Дека одредени активности треба да се менуваат со цел севкупно подобрување на овој вид испит треба, потребни се промени во Правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на екстерните испити, потребни се промени во делот на наставните програми, потребно е да се раздвои државната матура според видот на образование, потребни се промени со цел да се намалат препишувањата, потребно е многу работа."*

Дали Македонија добива финансии од европските фондови за имплементација на Државната матура?

*„Не, не добива. Македонија добива поддршка од Светска банка за државните тестирања, но имам сознанија дека таа поддршка би можела да биде посилна, односно повисока."*

Зошто нема кривична постапка за пробиените тестови?

*„Ова прашање е повеќе за надлежните институции. Она на кое јас сакам да укажам е дека е потребно правилникот да се збогати со уште неколку правни норми кои најстрого ќе ја санкционираат употребата на мобилните телефони и другите електронски уреди за време на испитите. Тоа значи, без претходна опомена, отстранување на учениците од испит, забрана за полагање на преостанатите испити во наредната испитна сесија и забрана за стекнување друг вид диплома за завршено средно образование во годината во која се пријавиле да ги полагаат екстерните испити.*

*Би надополнила и да се забрани користењето мобилни телефони на тестаторите за време на испитите, но и тестаторите да бидат стимулирани за професионално да си ја вршат својата работа.*

Како и кој го прави изборот за составувачи на тестовите, конкурс, критериуми, и дали има ревидирање на веќе изготвените прашања и кој го прави тоа ревидирање? Постои цела наука за составување на тестови. Составување на тестови од несоодветни индивидуи секако ќе создадат и забуна и несоодветен начин на проверка на знаењето на учениците.

*„Вистина е дека составувањето на тестови е многу сериозна, одговорна, но и стручна работа. Државниот испитен центар е потребно да се зајакнува со човечки потенцијал, во него има стручни лица на кои им е потребно поддршка во креирањето на прашањата. За спроведувањето на матурата се формираат повеќе комисии и секако Државна матурска комисија. Во сите комисии учествуваат стручни и компетентни личности.*

*Образованието не е проблем, образованието е можност, можност да научите нешто, а јас имам научено дека со многу работа и упорност сè се надминува."*

# ЗОШТО ТРЕБА ИДНИТЕ СТУДЕНТИ ДА ГО ИЗБЕРАТ УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ?





Изборот на вистинскиот универзитет е важна одлука што го обликува кариерниот и личниот развој на секој поединец. Од суштинско значење е да се најде институција која нуди сеопфатно и динамично образовно искуство. Универзитетот што ќе го изберете не само што ќе ви обезбеди знаења и вештини потребни за професионален живот, туку исто така ќе игра значајна улога во вашиот личен раст и развој. Вистинската средина може да ве инспирира да го реализирате целосно својот потенцијал и да ве подготви за предизвиците и можностите што претстојат.

Универзитетот Скопје се издвојува како одличен избор за студентите што бараат вакви можности. Тој е познат по својата академска извонредност и примена на напредна методологија за работа и учење. Нашата институција нуди широк спектар на додипломски и постдипломски програми во различни области, вклучувајќи општествени науки, природни науки, инженерство. Наставните програми на универзитетот се дизајнирани да им овозможат на студентите длабоко разбирање на избраните дисциплини, да поттикнат критичко размислување и иновативно решавање на проблеми. Академскиот кадар на секој факултет се состои од истакнати професори кои се лидери во своите области, што дополнително дава тежина на висококвалитетното образование и менторирање.

Во сè поглобализираниот свет, меѓународната изложеност е непроценлива. Универзитетот Скопје има воспоставено партнерства со водечки универзитети и истражувачки институции низ целиот свет. Нашите програми за размена им овозможуваат на студентите да студираат во странство и да стекнат меѓународно искуство, да ги прошират своите хоризонти и да го подобрат сопственото културно разбирање. Ние, исто така, сме домаќини на голем број странски студенти кои го препознаваат квалитетот на нашиот универзитет, а кои создаваат енергична и мултикултурна средина. Оваа

глобална перспектива е од особено значење за подготвување на нашите дипломирани студенти да просперираат во меѓусебно поврзан свет.

Универзитетот Скопје е посветен на подготовка на студентите за успешна кариера. Нашиот Центар за кариера нуди целосна поддршка, вклучително и советување за кариерен развој, работилници, студентски пракси и саеми за работа. Ние одржуваме силни врски со индустријата и со работодавачите, и на тој начин им даваме значителна поддршка на нашите студенти на пазарот на трудот. Нашата мрежа на дипломирани студенти (алумни) опфаќа различни сектори и индустрии и обезбедува значајни конекции и можности за менторство и професионален раст.

Иновациите и претприемништвото се клучните столбови на образовната филозофија на Универзитетот Скопје. Ги охрабруваме студентите да размислуваат креативно и да развијат претприемачки вештини. Нашиот Центар за иновации и претприемништво нуди ресурси, обуки и поддршка за студенти кои се заинтересирани да започнат свои сопствени потфати. Преку работилници, натпревари и програми за менторство, ги поттикнуваме студентите да ги трансформираат своите идеи во успешни бизниси. Нашата посветеност на поттикнување на иновациите гарантира дека нашите дипломци не само што бараат работа, туку и создаваат работа.

Универзитетот Скопје нуди богата палета на културни, социјални и воннаставни активности кои го подобруваат студентското искуство. Ние сме дом и поддржувачи на многубројни клубови и друштва што се грижат за широк спектар на интереси, од уметност и музика до спорт и технологија. Овие активности обезбедуваат можности за личен раст, развој на лидерството и за градење трајни пријателства. Од друга страна, на тој начини се посветуваме и на промовирање општествената одговорност, а студентите ги охрабруваме да се вклучат во служба на заедницата и на животната средина.




**Проф. д-р Јана Илиева, генерален секретар на Универзитетот Скопје.**

Универзитетот Скопје се наоѓа во срцето на главниот град на Република Македонија нудејќи прекрасен и инспиративен амбиент за учење и академски развој. Амбиент кој опфаќа модерен објект со најсовремена технологија и зелени површини односно средина погодна за учење и личен раст. Самиот Град Скопје е динамичен град со богато културно наследство, енергично темпо и многубројни можности за рекреација. Студентите можат да ги истражуваат културно-историските знаменитости, кафулињата и природните атракции во градот, и на тој начин да го исполнат слободното време со незаборавни активности.


Проф. д-р Зоран Ивановски, проректор за наука и развој на Универзитетот Скопје.



Изборот на факултет е еден од најважните избори што треба да ги направите во својот живот, од кој зависи вашата идна кариера и напредок во професијата. Ако размислувате за кариера од областа на финансиите, односно сакате да станете банкар, финансиски менаџер, инвестициски советник или брокер на берза, изберете го Економскиот факултет при Универзитетот Скопје и насоката Финансии, банкарство и осигурување.

Приоритетна цел на работата на Економскиот факултет е да оформува кадри оспособени да се вклучат во најсложените деловни активности на пазарот на трудот преку стекнување продлабочено знаење и применливи вештини од областа на економските дисциплини. Насочени сме и кон понатамошно профилирање на студентите во областа на високиот менаџмент во банкарството, финансиите и осигурувањето.

Обезбедуваме квалитетно образование специјализирано во областа на финансиите што овозможува да работите во финансиските институции во земјата и во странство, а тоа го правиме преку професионализација и специјализација на студиите во меѓусебна соработка со други слични високообразовни и научни институции, како и преку обезбедување компатибилност на студиската програма и методологија со развојните текови во европското високо образование. Студиската програма е тесно поврзана со практиката, што подразбира дека едукацијата и практиката се одвиваат паралелно и интерактивно.

Четиригодишните студии со 240 ЕКТС ви нудат можност да стекнете продлабочени знаења и неопходни вештини и компетенции за успешна кариера во областа. Студиската програма е конципирана согласно најдобрите светски студиски програми. Таа е компарирана со студиските програми на универзитетите од европскиот и од светскиот образовен простор што се рангирани во првите педесет универзитети на Шангајската листа. Поконкретно, студиската програма по Финансии, банкарство и осигурување е изработена по примерот на студиските програми на „London School of Economics and Political Sciences", кој се наоѓа меѓу првите педесет на оваа листа.

Професорскиот кадар и напредната методологија за работа се гаранција за вашиот успех во студирањето. Направете го вистинскиот избор и запишете се на Универзитетот Скопје!



Проф. д-р Мијалче Ѓоргиевски, проректор за настава на Универзитетот Скопје.

Секој човек во текот на својот живот носи одлуки. Некогаш тие се од животно значење, а некогаш помалку битни. Многу е важно пред да донесеме некоја одлука, добро да размислиме која е целта и какви се долгорочните последици од неа. Секако дека секогаш не ги носиме вистинските одлуки и не го правиме вистинскиот избор, но најважно од сѐ е последиците да не бидат штетни на подолг рок. Секој човек треба да има визија во животот за тоа што треба да постигне и која е неговата крајна цел. Но, за да се реализира посакуваната цел, треба да се направи вистинскиот избор во текот на едукацијата за да се стекнат знаење, вештини и компетенции преку процесот на образование. Затоа треба да се донесе вистинската одлука и да се направи вистинскиот избор за тоа кому ќе му ја дадеме можноста да нѐ едуцира и да нѐ подготви за предизвиците што ги носи животот воопшто, но и да го најдеме своето место во бизнис-опкружувањето.

На територијата на нашата држава, па и пошироко, постојат мноштво универзитети кои се декларираат како лидери и најдобри. Но, вистинска одлука ќе направи секој иден академски граѓанин ако одбере своето образование да го продолжи на еден од факултетите при Универзитетот Скопје. Веќе со искуство од 18 години, со најсовремени студиски програми компатибилни со најпрестижните светски универзитети, на нашиот универзитет образовниот процес го изведуваат професори етаблирани во својата област што се воедно и со професионално искуство во реалниот сектор. Сето ова е гаранција дека секој иден студент ќе го добие најдоброто образование. Теоретската настава заедно со практичната работа низ текот на студиите од идните академски граѓани ќе создаде личности подготвени да се соочат со реалниот свет и да се профилираат во своите области.

Затоа, почитувани идни студенти, донесете ја вистинската одлука за која нема да се покаете во животот. Бидете дел од некој од факултетите на Универзитетот Скопје за да ве подготвиме за предизвиците што стојат пред вас. Ќе се уверите дека сте го направиле вистинскиот избор!

# НОВАТА МАКЕДОНСКА ВЛАДА – КОМБИНАЦИЈА НА „МАРАТОНЦИ“ И „ДЕБИТАНТИ“

Новата македонска Влада треба да биде најразновидна досега. За првпат во Владата влегува здружената албанска опозиција „Вреди“ на која ѝ успеа да ја сруши дведецениската доминација на ДУИ. Меѓу предложените кадри на „Вреди“ се наоѓа Арбен Таравари кој и претходно беше министер за здравство. Другите не ѝ се толку познати на македонската јавност, а двајца од нив треба да раководат со два економски ресори. За предложените кандидати на ВМРО-ДПМНЕ не треба многу претставување. Поранешните министри и заменици-министри Владо Мисајловски, Цветан Трипуновски, Стефан Андоновски, Гордана Кочоска-Димитриеска, повторно ќе бидат меѓу најистурените играчи. Градоначалникот Тимчо Муцунски, актерот Зоран Љутков и долгогодишниот пратеник Александар Николоски, пак, за првпат ќе седнат во министерска фотелја. Новата македонска Влада е комбинација на веќе докажани, но и свежи кадри. Ќе има 20 министерства (4 повеќе од претходната Влада) и 24 министри (вклучувајќи ги и тие без ресор). Коалицијата „Твоја Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ ќе има 15 министри, од кои тројца вицепремиери. Коалицијата „Вреди“ ќе има 5 министерства и еден вицепремиер, додека „ЗНАМ“ на Максим Димитриевски ќе има двајца министри.



Новата Влада на Македонија.
*Извор: news1.mk*



## ПАНЧЕ ТОШКОВСКИ – ТРЕБА ДА ВОСПОСТАВИ РЕД ВО МВР

Панче Тошковски ќе ја наследи функцијата министер за внатрешни работи која ја извршуваше во техничката Влада. Тој е дипломиран правник, адвокат со големо искуство, кој во својот технички мандат успеа да ја исполни главната цел поради која ВМРО-ДПМНЕ влезе во техничката Влада, спречување на изборна кражба. Преку социјалните мрежи Тошковски му се заблагодари на партискиот лидер за дадената можност да раководи со МВР и вети силна борба со цел побезбеден живот за граѓаните.

***„Искрено благодарам на претседателот Христијан Мицкоски, како и на сите членови на Извршниот и Централниот комитет за довербата и поддршката која ми ја укажаа. Ветувам дека ќе работам неуморно за подобрување на условите за живот на сите граѓани и за обезбедување на безбедна, просперитетна и праведна Македонија“***, напиша Тошковски.

Тој стана особено популарен откако за само неколку денови успеа да воспостави ред во хаосот со издавањето лични документи кој го наследи од претходното раководство.



Панче Тошковски, министер за внатрешни работи.

***„Затекнавме хаос, нефункционалност, затекнавме една состојба која беше недостоинствена за секој еден македонски граѓанин и се потрудивме да ги нормализираме односите во рамки на министерството, сè со цел да биде еден нормален начин на услужување на секој еден македонски граѓанин. Драстични промени ќе има во и во работата на Министерството, и во сето она што надлежност на МВР“***, рече Панче Тошковски, предлог министер за внатрешни работи во изјава за ТВ Алфа.

Тошковски најавува коренити реформи во министерството. Функционална систематизација и решавањето на пренатрупаноста во одреди сектори и недостатокот на кадар во други. Тошковски смета дека адвокатската кариера која е зад него ќе му помогне, бидејќи како што вели, кога имате чесна намера пред даночните обврзници, тогаш ќе работи во согласност со законите кои мора да важат подеднакво за сите.

## АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ – ТРЕБА ДА ГО РЕАЛИЗИРА ВЕТЕНИОТ ИНФРАСТРУКТУРЕН БУМ

Контроверзниот автопат Кичево-Охрид кој се гради веќе 10 години, конечно ќе треба да го заврши новиот министер за транспорт и Вицепремиер Александар Николоски, кој патем, е родум токму од Охрид. Тој е долгогодишен пратеник, потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ И ВАЖИ ЗА АКТИВЕН И ЛОЈАЛЕН ЧЛЕН НА ПАРТИЈАТА И НАЈВИСОКОТО РАКОВОДСТВО.

Луѓето кои го познаваат велат дека е неуморлив политичар кој целиот фокус му е насочен кон политички ангажмани и процеси.

Тој е потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ откако

Христијан Мицкоски ја води партијата.

Забележително е дека е и меѓународно активен а и е дел од Советот на Европа каде беше известувач за повеќе изборни процеси, во делот на исполнување на обврските што државите ги имаат преземено кон Советот на Европа, пред сè во делот на почитувањето на основните човекови права, владеењето на правото, борбата со криминалот и корупцијата, изборните реформи, како и воспоставувањето функционална правна држава. Советот на Европа го реизбраа Александар Николоски и за генерален известувач за укинување на смртната казна.

Тој пред 2 години беше избран и за потпретседател на групата на Европската Народна Партија во Парламентарното Собрание на Совет на Европа, додека Брисселската групација „Пријатели на Европа" („Friends of Europe") го избра Александар Николоски како еден од 40 највлијателни личности под 40 години во Европа.

Николоски ги наследува автопатот Кичево – Охрид кој 7 години е заглавен а требаше да биде завршен пред 4 години, неизградена и заглавена железничка пруга кон Бугарија, како и делници од автопати за Прилеп, Косово чија градба споро се одвива со десетици тешки проблеми и застои.



Александар Николоски, министер за транспорт.

Воедно она што може да се насети од програмата на ВМРО-ДПМНЕ Платформа 1198 е силна посветеност кон создавање на инфраструктурен бум. Завршување на автопатот Кичево – Охрид, делницата за автопатско поврзување со Прилеп, како и Прилеп – Битола. Преговори со Бехтел и Енка и извлекување на максимумот во градба на коридорите за кои претходната влада веќе презема обврски. Како и реализација на супер брза железница, придобивки од најавената милијарда каде ќе има инвестиции во инфраструктурата и редица капитални проекти кои ќе бидат во врвот на приоритетите на Николоски.

## ГОРДАНА ДИМИТРИЕСКА-КОЧОСКА – ПРВА ЖЕНА ЧУВАР НА ДРЖАВНАТА КАСА

Гордана Димитриеска-Кочоска станува прва жена чувар на државната каса, задолжена за реализирање на буџетот на државата. Таа е експерт во областа на финансиите. Во нејзината богата биографија пишува дека таа има искуство во финансискиот консалтинг, била дел од банкарскиот сектор , а во приватниот сектор работела во секторот даноци. Таа беше и во претходната техничка Влада како заменик министер кога на чело на финансии беше Нина Ангеловска, а одреден период била и директор за финансии во ЕЛЕМ.

Гордана Димитриеска-Кочоска во улога на чувар на државната каса пред себе има огромен предизвик – вели дека во првите сто дена ќе се посветат на анализи каде се трошеле парите, какви се состојбите и како дошло до ваква ситуација. До крај на јули е планиран ребаланс на буџетот, затоа што парите во касата моментално се лошо испланирани.

***„Во тој период имавме јавен долг од една милијарда и 800 милиони евра, за споредба ако ги видите податоците во првиот квартал од 2024 година ќе видите дека имаме долг од 8 милијарди и 770 милиони евра, што е вознемирувачко. Состојбата е многу лоша, гледаме од аспект на она што е за нас како економисти многу значајно,***

***тоа е стапката на раст на БДП. Во тој период ако до 2006-та сепак сме имале позитивни и повисоки стапки на раст, назадуваме или воопшто немаме раст“***, вели за Алфа ТВ Гордана Димитриеска-Кочоска.

Во првата година од мандатот ќе треба да се направи фискалната стратегија и стратегијата за управување со јавниот долг и ќе се работи да се поврзуваат тековно податоците од УЈП и Царина за да нема понатамошни злоупотреби со наплата на даноци. Ребалансот на буџетот ќе мора да се направи во брзо време зошто моментално, според неофицијални податоци недостигаат околу 120 -150 милиони евра кои не се испланирани, а се однесуваат за тековни трошоци.



Гордана Димитриеска-Кочоска,
министер за финансии.

## ЦВЕТАН ТРИПУНОВСКИ – МИНИСТЕР ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО

Цветан Трипуновски по струка е дипломиран земјоделски инженер. Тој во 2020 година беше и заменик министер за земјоделие во техничката влада. А веќе има работено во истото Министерството како државен советник. Цветан Трипуновски речиси целата своја кариера ја посвети на земјоделството, унапредување на земјоделските политики и секторот на кој му е посветен.

Негова цел е како што вели тој, оваа урнисана гранка да прерасне во еден од главните двигатели на македонската економија.

***„Македонскиот земјоделец ќе биде достојна категорија за живеење, а не како досега социјална категорија. Тоа ќе значи враќање на достоинството, враќање на македонското производство, квалитетен земјоделски производ и по квантитет и по квалитет. Тоа ќе значи сигурен пласман, девизен прилив во нашата економија. Овој наш квалитетен производ ќе го пласираме и надвор од државата за да ја зајакнеме и домашната економија“***, вели Цветан Трипуновски – предлог министер за земјоделство.

Трипуновски е свесен дека пред него престои тешка и макотрпна работа, и ветува дека ќе биде целосно посветен на потребите на



Цветан Трипуновски,
министер за земјоделство.

сите земјоделци. Најави и строги контроли за тоа каква храна јадат граѓаните, но и максимална заштита на трудот на секој земјоделец. Трипуновски седнува на чело на Министерството за земјоделство, во време кога земјоделците се на колена – без субвенции, се соочуваат со ниски откупни цени, а и водостопанството е колабирано.

Идниот министер за земјоделство најави и ревизија што работеле неговите претходници. Тој вели дека наследил лоша ситуација во овој ресор, но со чесна работа тврди дека сè ќе биде на свое место.



Владо Мисајловски, министер за одбрана.

## ВЛАДО МИСАЈЛОВСКИ – ТРАНСФЕР ОД ТРАНСПОРТ ВО ОДБРАНА

Заедно со Љупчо Димовски, Владо Мисајловски е еден од ретките министри кој ја вршел оваа функција и во претходниот владин состав на ВМРО-ДПМНЕ до 2017-та година. Само ќе направи трансфер од министерството за транспорт во министерството за одбрана.

Тој е магистер на факултетот за општествени науки на одделот дипломатија и меѓународна политика. Тој е поранешен директор на Јавното претпријатие за државни патишта и министер за транспорт и врски. Во моментов е еден најблиските соработници на идниот премиер Христијан Мицкоски и потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ.

Модерна и армија со која ќе се гордеат сите македонски граѓани, тоа е главната амбиција на идниот министер за одбрана Владо Мисајловски. Вели свесен е дека пред него е тешка работа, но ветува дека ќе го даде и последниот атом од своите сили, за македонската армија да заличи на вистинска НАТО армија. Смета дека финансиите во неговиот ресор треба да бидат зголемени.

***„Многу е важно буџетот да биде сериозно зголемен за да има услови за подобрување на армијата во секој сегмент за сите припадници, се разбира, и на Министерството и во армијата, но тоа е важно преку сите оние алатки што ќе ги има Министерството, преку развој на одбраната, не само на одбранбен план, туку и за сите оние работи кои следуваат во наредниот период, а тоа е сето она што доликува како една НАТО армија да го имаат во делот на јавните набавки“***, изјави Мисајловски.

Мисајловски вели ќе се врати почитта која ја заслужуваат вооружените сили.

Мисајловски влегува во Министерство за кое во јавноста постојат сомнеж за спорни тендери вредни речиси 300 милиони евра. Во ек на економска криза беше договорено да се платат 66 милиони евра за систем за противвоздушна одбрана, иако и самата поранешна министерка Славјанка Петровска кажа дека не постои никаква опасност за Македонија од воздух.



Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија.

## ТИМЧО МУЦУНСКИ – МИНИСТЕР ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

Градоначалникот на општина Аеродром, Тимчо Муцунски, станува нов министер за надворешни работи и надворешна трговија.

Тој е потпретседател на ВМРО-ДПМНЕ и профил на личност која важи за високо почитувана во Европа и светот. На социјалните мрежи напиша дека на функцијата стапува со цврста решеност и посветеност да работи исклучиво за интересите на Македонија и сите граѓани.

***„Каква надворешна политика ќе има Македонија? Ќе има надворешна политика***

*што е фокусирана на остварување опипливи резултати за својата држава, надворешна политика фокусирана на економската дипломатија, односно привлекување странски директни инвестиции, но и негување на тие инвестиции што веќе ги имаме во државата“*, изјави Муцунски на 9-ти март годинава.

Инаку Муцунски своето средно образование го завршил во Отава, Канада, по што додипломските, магистерските и докторските студии ги комплетира на Правниот факултет во Скопје. Тој е доцент по Римско право. Во периодот од 2015-2017 година тој ја извршуваше функцијата заменик министер за информатичко општество и администрација.

## СТЕФАН АНДОНОВСКИ – МИНИСТЕР ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Стефан Андоновски е предлог – министер за информатичко општество и дигитална трансформација во Владата на Мицкоски. Тој е секретар за меѓународна политика на ВМРО-ДПМНЕ, а во последната техничка Влада беше и заменик министер за информатичко општество и администрација.

Тој дипломирал правни науки на Правниот факултет во Скопје, по што како стипендист на МОН, станува магистер по меѓународни односи на Универзитетот Џон Хопкинс. Пред политичкиот ангажман, пет години работи во бизнис секторот во Македонија и е консултант на меѓународни донаторски проекти во областа на дигиталниот маркетинг, комуникации и медиуми.

Неговото мото како министер за информатичко општество е „Со дигитализирање на услугите до борба против корупцијата“. Тој ветува дека чекањето пред шалтери со системски измени ќе го замени со брзо вадење изводи и документи од државните институции. Стратегиите кои ќе ги работи министерството ќе бидат транспарентни, ќе се консултираат фелата и партнерите.

*„Прво нешто со што ќе се зафатиме е ова зад мене, една точка за услуги, односно дигитализација на регистри, и не издавањето на потврди на матичната евиденција, тоа е нешто со кое прво ќе се зафатиме и се надевам ќе можеме да покажеме успешност во оваа насока. Потоа позиционирањето на министерството*




Стефан Андоновски, министер за информатичко општество и дигитална трансформација.

*стратешки, во смисла на сајбер-стратегијата и ИТ стратегијата на ниво на држава, која ќе ја работиме со еден широк круг на луѓе нема да ја криеме по ходници, нема да ја правиме зад затворени врати туку заедно со фелата, заедно со партнерите ќе изработиме стратегија што ќе значи подобро позиционирање. Она што можам да го најавам е бескомпромисна борба со корупцијата. Дигитализацијата ќе значи објективизација на процесите ќе значи дека не може да се кријат предмети по фиоки, не може да се чекаат постапките“*, вели Андоновски.

Процесот на дигитална трансформација ќе биде комплексен и ќе биде системски. Ќе се однесува на сите институции, на целата држава, на целиот државен апарат. И затоа ќе биде потребен системски пристап од целата Влада не од едно министерство. Сепак ова министерство треба да биде предводник на овие процеси. Во план е да се дигитализираат сите услуги, да се надминат шалтерите и чекањето во редици на граѓаните.



Борко Ристовски, министер за спорт.

## БОРКО РИСТОВСКИ – МИНИСТЕР ЗА СПОРТ

Една од поголемите реформи е тоа што досегашната Агенција за млади и спорт се трансформира во министерство. Прв министер ќе биде ракометниот голман со исклучителна кариера Борко Ристовски.

Тој со своите одбрани во дресот на Македонија, своевремено од навивачите ја имаше титулата „министер за одбрана". Тој во својата кариера бранеше за Вардар, Металург, имаше неколку интернационални ангажмани, меѓу кои и во најтрофејниот европски клуб, големата Барселона. Тој беше и директор во РК Вардар. Борко Ристовски е роден 1982 година има 42 години.

Ветува дека ќе работи напорно за враќање на спортската гордост на Македонија и успешните резултати кои ги имавме пред само неколку години.

***„Генерално во Македонија и во спортот владее корупција, владее непотизам огромен, така што мислам дека Министерство за спорт ќе биде едно решение кое ќе донесе помал маневарски простор за оние кои се влезени во спортот за да имаат некој личен бенефит, а од друга страна ќе им ги отвори портите на професионализмот, на резултатите"***, изјави Ристовски.

## ЗЛАТКО ПЕРИНСКИ – МИНИСТЕР ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Златко Перински и е познат на јавноста како поранешен директор на скопски Водовод. На оваа функција беше назначен во 2021 година. Претходно, беше шеф на кабинет на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски. Беше и директор на Спортскиот центар „Борис Трајковски" во периодот од 2014 до 2017 година. Магистер по човечки ресурси и долгогодишен член на ВМРО-ДПМНЕ. Перински во 2015 година станува член на општинскиот комитет Аеродром и е назначен за потсекретар на ВМРО-ДПМНЕ функција која ја извршува до неговото назначување за член во Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ во 2017 година.



Златко Перински, министер за локална самоуправа.

Една милијарда евра буџетски средства – фер распределени пари за сите општини во еден мандат. Идниот министер за локална самоуправа ветува дека уште во првите сто дена ќе трансферира 100 милиони евра за општините, ќе им пружи рака на сите градоначалници без оглед на тоа од која партија доаѓаат и ќе ја зголеми соработката со ЗЕЛС. Златко Перински е дециден – преку помош за општините ќе им се помогне и

на граѓаните. Тоа, може да се направи само преку взаемна соработка и инвестирање во локалниот економски развој.

*„Министерство за локална самоуправа на некој начин беше девастирано, не доаѓаше до израз иако имаше можности и капацитет. Едно од поважните ветувања е трансфер на буџетски средства од 250 милиони евра за една година, до крај на годинава 100 милиони евра, 1 милијарда во цел мандат. Соработката на локалните самоуправи не беше на многу високо ниво, она што ќе го направам е, да им подадам рака на сите, без разлика кој од која партија доаѓа, да помогнам, да најдам средства, може да користиме и странски фондови, да помогнеме да се реализираат проектите. Овие ветени 250 милиони евра ќе бидат рамномерно распоредени, ќе се внимава да нема фаворизирање на општините, многу е важно да се продлабочи соработката со ЗЕЛС. Сакаме да придонесеме до зголемена децентрализација, согласно законските регулативи да се префрлаат поголем дел од надлежностите на локалните самоуправи“*, вели Перински.

## САЊА БОЖИНОВСКА – МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Ова се претпоставува дека ќе биде едно од најважните министерства, особено ако се знае амбициозната агенда на ова поле на мандатарот Мицкоски. Секторите енергетика, рударство и минерални суровини досега беа дел од Министерството за економија, а сега, за првпат ќе бидат дел од посебно министерство бидејќи оваа област е широка и го заслужува тоа.

Прво нешто што таа вети е дека нема да дозволи поскапување на струјата од први јули.

*„Зошто владата донела одлука зад затворени врати за зголемување на цената за 5% што ЕСМ ќе му ја продава на „ЕВН хоум“, врз која основа и со кои аргументи го правда скокот од сегашните 57 на 60 евра за мегават час?“*, вели Божиновска.



Сања Божиновска, министер заенергетика, рударство и минерални суровини.

Сања Божиновска, член на ИК на ВМРО-ДПМНЕ и идна министерка за енергетика најави неколку енергетски проекти на новата власт и рече дека одлуките што се носат сега ќе ја обликуваат нашата економска стабилност, здравјето на животната средина и социјалната благосостојба во годините што доаѓаат.

Таа рече дека во програмата на Владата и новото министерство е изградбата на две когенеративни централи за гас со кои во исто време ќе се снабдуваме и со топлинска и со електрична енергија, а енергијата добиена од овие централи ќе ни даде можност да вршиме балансирање на системот кога ќе е потребно. Исто така во план за изградба на ветерни паркови Богданци, Миравци и уште еден проект од 200 МВ. Со овие сопствени капацитети земјата ќе има квалитетен енергетски систем. Посебно место секако ќе заземе зелената транзиција па во тие рамки особено внимание ќе се посвети на енергетската ефикасност и зголемување на обемот на производни капацитети од обновливи извори на енергија.

Божиновска е успешна жена, менаџер, експерт за енергетика која веќе две децении живее и работи како консултант во Прага, Чешка.

## ЗОРАН ЉУТКОВ – МИНИСТЕР ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ




Зоран Љутков,
министер за култура и туризам.

Ова министерство кое во последниве неколку недели го тресат скандали поради проневерени пари на Агенцијата за филм и Друштвото на филмски работници ќе доживее своевидна трансформација. Во него ќе спадне и секторот туризам кој досега беше дел од Министерството за економија. Со министерството за култура ќе раководи Зоран Љутков.

Тој е македонски театарски и филмски и телевизиски глумец. Дипломирал на Факултетот за драмски Уметности во Скопје во 2001 година во класата на проф. Владимир Милчин, а во 2002 година запишал постдипломски студии за сценографија на Универзитетот за уметности во Белград. Во 2006 година се вработил како глумец во Драмскиот театар (ДТС) во Скопје. Учествувал на неколку меѓународни театарски фестивали, работилници и филмски и ТВ-проекти. Добитник е на две награди.

Тој беше советник и претседавач на Советот на општина Велес.



Весна Јаневска, министер
за образование и наука.

## ВЕСНА ЈАНЕВСКА – МИНИСТЕР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Весна Јаневска е професор на Медицинскиот факултет во Скопје и вработена во Институтот за патологија. Исто така е поранешен пратеник во македонското собрание. Таа има тешка задача да го исправи образованието на здрави нозе, сектор кој оправдано беше ставен на столбот на срамот поради немањето учебници, лошиот студентски стандард и општо катастрофално лошите резултати на знаењето на учениците и студентите.

Јаневска веќе најави ревизија на универзитетите, високите школи, како и студиските програми за медицина. Според неа, во Македонија несоодветно и без база и анализа се отвораат премногу универзитети и високи школи кои не покажуваат никаков ефект.

***„Приватните универзитети беа предвидени да бидат конкуренција на државните, меѓутоа во практиката се покажа дека тоа не е така, напротив на сите квалитетот на образование опадна. Во тој правец ВМРО-ДПМНЕ и Комисијата за образование и наука и во својата програма има предвидено сериозна анализа на бројот на факултети, универзитети, студиски програми кои ќе мора да се ревидираат и дел од нив и треба да престанат со работа затоа што навистина ние не го гледаме бенефитот од тоа што моментално се случува. Ние имаме 3 медицински факултети, повеќе од 3 високи школи, средни школи за медицински сестри, високи школи за медицински сестри“***, вели Јаневска за ТВ21.

Според неа, ефектот од тоа на крај се сведува на брзо знаење, односно неефикасно знаење.

## ЉУПЧО ДИМОВСКИ – МИНИСТЕР ЗА ПОЛИТИЧКИ СИСТЕМ

Лидерот на коалицискиот партнер Социјалистичка партија, Љупчо Димовски е новиот вицепремиер и министер за политички систем. Тој не е ново кадровско решение во Влада на ВМРО-ДПМНЕ. Тој е традиционален партнер на ВМРО-ДПМНЕ, беше и министер за земјоделство во претходните влади на Никола Груевски. Беше и пратеник во македонското собрание.



**Љупчо Димовски, вицепремиер и министер за политички систем.**

## ИВАН СТОИЛКОВИЌ - МИНИСТЕР ЗАДОЛЖЕН ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ

Новиот министер задолжен за односи меѓу заедниците, Иван Стоилковиќ, се чини е најконтроверзна фигура во Владата. Предлогот за Стоилковиќ ја „вознемири" ДУИ. Потпретседателот на партијата, Арбр Адеми искоментира дека првпат по дваесет години, спроведувањето на Охридскиот договор ќе биде во рацете на Србин, кој е добро познат по своите проруски и путинистички убедувања.

Стоилковиќ важи за политичар близок до српскиот претседател Александар Вучиќ и до претседателот на Република Српска, Милорад Додик, а негува и добри односи со Русија. Тој беше еден од тројцата пратеници, заедно со Рецеп Исмаил Хактан и Борислав Крмов од Левица, кои во минатата недела се појавија како гости на државниот прием по повод националниот празник Денот на Русија што во Скопје го организираше руската амбасада. Во мај лани, Стоилковиќ учествуваше на меѓународниот безбедносен форум во Москва.



**Иван Стоилковиќ, вицепремиер и министер за односи меѓу заедниците.**

## ШАБАН САЛИУ – МИНИСТЕР ЗАДОЛЖЕН ЗА ИНТЕГРАЦИЈА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ДЕКАДАТА НА РОМИТЕ

Шабан Салиу е роден во Скопје на 6 јануари 1961 година. Дипломира на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на Правниот факултет и положува правосуден испит. Од 1990 до 1995 бил генерален секретар на ПЦЕР, а од 1995 и Претседател на огранокот на ПЦЕР во Гостивар. Салиу е Потпретседател на Сојузот на Ромите на Македонија. Од 2006 до 2008 година е член на македонското собрание како




**Шабан Салиу, министер за интеграција и имплементација на декадата на Ромите.**
*Извор: републикa*

пратеник на Демократските сили на Ромите. Со години беше директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

Тој ќе се залага за подобрување на економската и на политичката состојба на Ромите во Македонија.

*„Ромите од сегашната состојба во Република Македонија не се задоволни. Она што можам да го кажам е дека живеат на маргините на општеството без почитување на основниот принцип на еднаквост пред Уставот и законите. Токму затоа потребно е поголемо залагање од надлежните, па дури и од претседателот на државата. Досега она што можевме да го видиме е само формално правна еднаквост, еднаквост само на хартија“*, вели Салиу.



Фатмир Лимани, министер за социјална политика.


Бесар Дурмиши, министер за економија и труд.


Орхан Мутрезани, министер за европски прашања.

## МИНИСТРИ НА „ВРЕДИ“

Партијата Беса на Биљал Касами, која е дел од коалицијата „Вреди“, ќе има двајца министри: Фатмир Лимани – министер за социјална политика, демографија и млади и Бесар Дурмиши – министер за економија и труд.

Фатмир Лимани важи за интересен лик на политичката сцена и идеолог на БЕСА. Внук на Али Ахмети кој „се одроди“ од семејството и премина во БЕСА. Тој долго време беше заменик-директор на ЕЛЕМ како кадар на ДУИ, на претходните локални избори беше независен кандидат за градоначалник на Кичево, па премина во опозициската БЕСА. Често ги критикува ДУИ и семејството Ахмети и начинот на стекнување на нивното огромно богатство. Во неговата биографија, освен заменик директорското место во ЕЛЕМ, стои дека од 2007-2011 бил член на Надзорниот одбор во АД МЕПСО, а од 2005 до 2007 година бил управител на бензинската пумпа „Голден ОИЛ“. Тој е дипломиран професор по историја на ДУТ и течно зборува  албански, македонски и германски јазик.

Новиот министер за економија и труд Бесар Дурмиши ќе има тешка задача, да раководи со споеното министерство во кое ќе влезат некои надлежности од економија и делот труд кој беше издвоен во посебно министерство. Во неговата биографија стои дека е дипломиран економист на ДУТ, специјалистички студии завршил на Американ Колеџ во Скопје, а моментално посетува магистерски студии во Приштина. Од 2017 – 2021 е советник во општина Тетово, а од 2021-вата е претседател на Советот на Општината.

Алтернатива, во Владата ќе ја претставува Орхан Муртезани кој ќе биде министер за европски прашања. Ова е своевиден трансфер од вообичаените економски позиции што тој ги имаше во минатото. Орхан Муртезани е

долгогодишен портпарол и еден од основачите на Алтернатива. Роден е во Сарај, Скопје. По професија е економист, дипломирал на Економскиот факултет при универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, додека постдипломските студии ги продолжил во Универзитетот ‘„Мармара“ во Истанбул во отсекот Менаџмент и организација. Течно зборува англиски и турски јазик, а порано беше генерален директор на Македонски железници – Транспорт и директор на АД МЕПСО од 2021-2023 година. Има и приватна компанија, сосновач е на ОКИ ТРАНС ЛОГИСТИКС.



Арбен Таравари, министер за здравство.

Арбен Таравари ќе стане повторно министер за здравство. Арбен Таравари е името кое граѓаните најмногу го познаваат како докторот од Клиниката за неврологија. Со политичката партија Алијанса на Албанците беше и министер за здравство и актуелен градоначалник на општина Гостивар. Во претседателската трка, како кандидат често беше заплашуван од конкуренцијата. Свежи се сеќавањата за оставениот куршум пред неговиот куќен праг и за „историската разделба“ со Зијадин Села од Алијанса за Албанците.



Изет Меџити, вицепремиер и министер за екологија.

Лидерот на Демократско движење, Изет Меџити, ќе биде прв вицепремиер и министер за екологија. По долгогодишното членство во ДУИ и неколкуте мандати како градоначалник на Чаир, станува дел од незадоволните членови на партијата или популарните „Огнени“, по што раскрстува со ДУИ и ја формира Демократско движење. За првпат ќе седне на вицепремиерското и министерско столче.

## МИНИСТРИ НА „ЗНАМ“

Игор Филков ќе ја претставува партијата ЗНАМ во Владата како министер за правда, а Горан Минчев ќе биде министер за јавна администрација.

Филков (1979) е дипломиран правник. Доаѓа од приватниот сектор. Неговото работно искуство вклучува работа во НВО, проекти, управител на бизнис, консултант.

Горан Минчев, роден 1973 година во Скопје е дипломиран економист, генерален секретар на движењето ЗНАМ – За наша Македонија. Тој беше народен избраник, односно пратеник во периодот 2008–2014 година од страна на СДСМ. Бил директор на Службата за општи и заеднички работи во периодот 2003–2006 година и заменик-директор на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ од 2002 до 2003 година.

Игор Филков, министер за правда.



Горан Минчев, министер за јавна администрација.



# МОЈА ОПШТИНА

## Интервју со градоначалникот на Општина Дојран, Анго Ангов



Анго Ангов, градоначалник на Општина Дојран.

# ДОЈРАН Е УБАВ ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛАТА ГОДИНА

**Дојран е отворен за туристи и со поплиток и со подлабок џеб. Локалните власти очекуваат одлична летна сезона. Во интервју за Магазинот за туризам и менаџмент, Анго Ангов вели дека Дојран не е само езерото - и историјата е дел од понудата за домашните и за странските туристи.**

**Каква туристичка сезона очекувате во Дојран?**

Како и секоја година очекуваме туристичка сезона со многу посетители и туристи. Секоја година има тенденција на зголемување на бројот на туристи пропорционално со зголемувањето на сместувачкиот капацитет, како и зголемувањето на туристичките содржини во Дојран. На тој начин очекуваме дека ќе имаме зголемување на бројот на туристи во споредба со минатата година, но да не го заборавиме и фактот дека Дојран не се стреми само кон летна туристичка сезона, туку и сезона во текот на целата година, а во последните години токму тоа и го постигнавме.

**Како сте задоволни до сега од туризмот, се зголемува ли бројот на туристи?**

Како и во претходното прашање што напоменав, со зголемувањето на туристичките капацитети се зголемува и бројот на туристи, но напоменав и пак ќе напоменам дека не зборувам само за туристи само за летната туристичка сезона, туку за сите посетители кои што доаѓаат во текот на целата година, а посебно за време на викендите. Овој број постојано расте, се бара место повеќе за време на викендите надвор од летната сезона, затоа што Дојран е убав во текот на целата година и има потенцијал за развој на многу видови на туризам, како езерскиот, така и здравствениот, спортскиот, културно-историскиот, рибарскиот и уште многу други видови на туризам коишто му даваат потенцијал на Дојран.

**Дали важи Дојран за туристички центар за туристи со поплиток џеб, односно дали повеќе доаѓаат туристи само за викенд, за празник или има такви кои што остануваат минимум една недела?**

Во Дојран има секаков вид на посетители и секако дека ние не ги делиме луѓето, односно туристите, со поплиток или подлабок џеб, ние сме туристичка дестинација отворена за секого и секој е добредојден. Во последно време се градат доста нови и модерни капацитети, се подобрува и квалитетот во рестораните и угостителските објекти, а секако тоа повлекува и зголемување на цената. Голем е бројот и на транзитните туристи кои порано остануваа по една вечер, а сега остануваат подолго и секако овде се нашите домашни туристи коишто за време на летната сезона остануваат на подолг период.

**Ангов: „Очекуваме туристичка сезона со многу посетители и туристи.“**



**Српските туристи се жалат дека кога поминуваат кон границиот премин патот е лош. Правите ли нешто за ова и дали имате некаква стратегија овие туристи да ги задржите повеќе денови и да не бидат само транзит туристи?**

Во 2020 година регионалниот пат кон граничниот премин е целосно рехабилитиран од страна на ЈП за државни патишта и Министерство за транспорт и врски коишто се надлежни за истиот. Постојано вложуваме во зголемување на капацитетот на плажи и правиме засилена промоција на Дојран како туристичка дестинација во регионот, исто така имаме и голем број на културно-забавни содржини, урбанизирани се парковите и изградени се пристапни патеки до реконструираните културно-историски споменици се со цел да се задржат странските туристи во Дојран повеќе денови.

**Какви содржина нуди Дојран, како туристичка дестинација и дали работите на воведување нови во насока на привлекување туристи?**

Дојран пред се го има Дојранското Езеро и неговите лековити својства, прекрасните плажи кои што од година на година се зголемуваат, ги имаме прекрасните рекреативни патеки и можностите за рекреација покрај езерото. Историјата е неизоставен дел од нашата туристичка понуда, Дојран низ историјата има претрпено многу, бил разрушуван и возобновуван, ги имаме културно-историските споменици како што се Саат Кулата, Црквата Св. Илија, Турската Бања (Амам), Фронтовата линија со многубројните бункери и остатоци од Првата Светска Војна... Да не го заборавиме уникатниот начин на ловење риба со мандри.

Дојран е туристичка дестинација која е позната и привлечна на туристите по мирната атмосфера, чистиот воздух, медитеранската клима и убавината која ја нуди, но покрај тоа со разубавувањето, односно урбанизирањето на централното подрачје Дојран нуди и нови содржини со урбана опрема како нови детски игралишта, игралиште за миленици, летниковци, места за спортување и релаксација, културно-историски знаменитости и слично за чие одржување и

Ангов: „Постојано вложуваме во зголемување на капацитетот на плажите."



обновување работиме секојдневно како би можеле да привлечеме поголем број на нови туристи.

**Честопати за викенди или празници Дојран е полн со туристи, но она што го забележуваат туристите е дека нема доволно паркинг места за возилата, а истовремено има ѓубре на сите страни (што дел е поради несовесноста на граѓаните кои фрлаат). Дали имате некакво решение за овие проблеми?**

За да им се овозможи на граѓаните на општина Дојран, како и на посетителите да се справат со растечката потреба од паркинг, Општина Дојран формираше ново Јавно претпријатие за стопанисување со јавен, деловен и паркинг простор „Тауријан“ и на тој начин го решава проблемот со паркинг места за возилата и сообраќајниот метеж, а кој воедно има и цел да се заштити животната средина. Покрај тоа, обезбедени се средства за изградба на катна гаража со коишто постепено го решаваме проблемот со паркинг местата.

Во врска со ѓубрето, ЈПКД „Полин“ целосно е посветено, особено во летната сезона, да го чисти редовно и да ја одржува животната средина чиста, така што апелираме до граѓаните совесно да се однесуваат и да го фрлаат ѓубрето во кантите коишто ги има во доволен број низ целата општина. За таа цел набавени се нови возила и опрема за полесно и поефикасно справување со овој проблем.

**Дали е водата безбедна за капење и дали е езерото спасено долгорочно затоа што во средината на деведесеттите беше речиси „исчезнато“?**

Постојано се прават анализи за квалитетот на водата во Дојранското Езеро и според последните испитувања спроведени страна на Центарот за јавно здравје, Велес, водата на Дојранското Езеро е во одлична состојба и е безбедна за капење и рекреација на луѓето. Според неодамнешните извештаи од тестирањата на здравствената безбедност на водата од Дојранското Езеро направени на 06.06.2024 година, примероци се земени од Градската плажа, плажата кај хотелот „Полин“ и плажата „Гранико“ од страна на Центарот за јавно здравје, институција со докажан квалитет која успешно работи години наназад, и докажа дека водата кај трите споменати плажи е во одлична состојба и не постои пречка луѓето слободно да се капат и да уживаат во рекреативни активности во водата. Меѓутоа ние како локална самоуправа имаме одлична соработка со „Милиеуконтакт“, невладина организација во која има експерти од областа на заштита на животната средина и водите, заеднички имаме реализирано многу проекти за заштита на Дојранското Езеро, а во моментов работиме и на решавање на децениските проблем за реконструкција на колекторскиот систем и изградба на нова пречистителна станица за кои обезбедивме над 4,5 милиони евра од Влада на РСМ и Словенска Амбасада.

**Имате ли проекти за меѓугранична соработка и ако имате, за што се**

Ангов: „Водата во Дојранското Езеро е во одлична состојба и е безбедна за капење.“



**тие проекти?**

Во општина Дојран се реализирани повеќе прекугранични проекти во соработка со Р. Грција и Р. Бугарија како што се проектите Зефирос, План Д и Невестино. Посебно интересен е проектот со Р. Бугарија, кој е од областа на туризмот. По долги години извршена е конзервација на Турската бања (Амам) и е ставена во функција за посета, а исто така со овој проект по 100 и повеќе години беше целосно реконструирана Саат-кулата, како и пристапните патеки до нив. Со ова се збогати туристичката понуда и туристичките содржини со коишто се овозможи туристичка понуда и надвор од летната сезона. Исто така, значаен е и фактот дека Општина Дојран во последните 6-7 години многу успешно и вешто ги користи сите ЕУ и останати фондови, а со тоа ги подобруваме условите како туристичка дестинација од секој можен аспект. Со новиот повик за ЕУ прекугранична соработка со Р. Грција, општина Дојран има аплицирано за три проекти од различни сфери меѓу кои и туризмот.

Саат-кулата во Дојран.



**На кој начин може државата да му помогне на Дојран? Согласно најавите, секторот туризам ќе биде дел од Министерството за култура. Очекувате ли некои проекти за дополнителен развој на туризмот кај вас?**

Туризмот како гранка во нашата држава според мое мислење е запоставена и треба да се обрне поголемо внимание од страна на државата поради тоа што може да биде една од носечките дејности во остварување на надворешни приходи коишто се бенефит не само за државата, туку и за локалното население во туристичките дестинации. Државата пред сè треба да се погрижи сегашните, односно постојните туристички дестинации да ги воздигне како со поголеми инвестиции и содржини, така и со поголема промоција на домашниот и странскиот пазар. Се надеваме дека новото Министерство за туризам ќе биде поангажирано во развојот на долгорочна стратегија за развој на туризмот и ќе почне постепено да го движи туризмот во нашата држава во права насока.

**Дали има недостиг од туристичко угостителски објекти и дали правите нешто во однос на привлекување инвеститори во овој дел?**

Во последните четири години Дојран се развива со забрзано темпо и има се поголем интерес како од домашни, така и од странски инвеститори коишто инвестираат во нови капацитети, а исто така забележано е и во огромната купопродажба на старите и запоставени хотелски комплекси, кои не биле во функција изминатите 20-30 години и истите се ставаат во употреба. На тој

начин растат сместувачките капацитети, се подобрува туристичката инфраструктура и Дојран почнува да прераснува во поголема туристичка дестинација која е атрактивна за домашните и за странските туристи. Во последно време се создаваат и нови туристички содржини со кои Дојран е атрактивен и надвор од летната сезона, а токму тоа е и целта да имаме туризам 12 месеци во годината.

**Кое е решението за долгорочен успех на туристичка сезона?**

Пред сѐ поголема промоција на она што го имаме, повеќе настапи на туристичките саеми, промотивни видеа... Воедно, исто така, како локалната самоуправа, така и централната власт заеднички да прават поголеми инвестиции во патна и туристичка инфраструктура, поголема грижа посебно од Министерството за животна средина, како за Дојранското Езеро, така и за сите останати езера во нашата држава. Клучно е пред се оние туристички дестинации кои се отпочнати и се поразвиени да ги средиме онака како што доликува за туристичка дестинација, а со тоа и да има што да се пофалиме и понудиме на странските туристи и посетители. Треба да подготвиме на некој начин една државна понуда кон странските тур-оператори и туристички агенции со која ќе го привлечеме вниманието и ќе бидеме атрактивни како држава. Нашата држава е мала и навистина може да се подготви десетдневна туристичка тура со која би се посетиле најатрактивните места во неа.

**Кој е најпознатиот специјалитет во Дојран што туристите задолжително треба да го пробаат?**

Најпознати специјалитети во Дојран се крап-тава и риба на трска, кои го отсликуваат традиционалниот и најуникатниот начин на приготвување на риба, но покрај тие специјалитети препорачуваме да се пробаат и лангида од икра, млечка, рибја чорба, тава со перкија-костреж, фригана риба, крашник со крап, алва со гриз, слатко од диви смокви и уште многу други. Сите овие специјалитети се дел од „Дојран Гурман Фест“ кој се одржува секоја година во јуни и во нашите локални угостителски објекти.

**Ангов: „Парковите во Дојран се урбанизирани.“**



# НИШ – ЕДЕН ОД НАЈСТАРИТЕ ГРАДОВИ НА БАЛКАНОТ, РИЗНИЦА НА ИСТОРИСКИ АРТЕФАКТИ

Ниш – еден од најстарите градови на Балканот и трет по големина во Србија, во себе носи многубројни историски, културни и архитектонски тајни. Белград е можеби метрополата-симбол на космополитизмот, но Ниш дефинитивно е душата на Србија. Познат е по издржливоста, мераkот, необичниот хумор, а неговите жители по ведриот дух и оптимизмот. Од Келтите до Србите, во патеписите е опишан како капија меѓу Истокот и Западот. На брегот на реката Нишава, одмора градот кој во себе крие многу мрачна историја од основањето, преку средновековието и турското ропство, па сè до нацистичкиот период и во поново време, бомбардирањето на државата. Сепак, градот останува симбол на добрата храна, преполните кафеани и легендарното гостопримство по кое нишлиите се препознатливи.





Панорама на Ниш.



## ЛЕГЕНДА ЗА ГРАДОТ НА САМОВИЛИТЕ

За Ниш постојат легенди исто толку колку и вистински приказни. Легендата за Самовилскиот град потекнува уште пред 2.300 години кога келтските племиња го населиле Балканот. Маѓепсани од убавината на реката Нишава, зелената котлина и планините, решиле таму да се населат. Легендата вели дека градот бил толку убав, што постојано околните племиња го напаѓале и го рушеле до темел. Келтите почнале да се молат за помош на своите богови, а тие им пратиле самовили за да го градат секое утро одново и одново.

Оттогаш, самовилите се населиле покрај реката и градот добил заштита. Во знак на благодарност, реката ја нарекле „Вилина река", а градот го добил името Вилинград (Navissos). Градот и реката повеќе не го менувале името. Римјаните го викале Naissus, за Византијците бил Nusos, а Словените го именувале Ниш, така што легендата за самовилите и денеска ја има во неговиот назив.



Стамбол-капија.

## НИШКАТА ТВРДИНА

Нишката тврдина е дефинитивно белег на градот. Тврдината што постои повеќе од 20 века, а е конечно изградена во 18. век, се простира на 22 хектари. Нејзините бедеми се високи 8 метри и широки 3 метри. Во тврдината денеска може слободно да се влезе. Таа е отворена 24 часа дневно, а неретко е локација на спектакуларни концерти, театарски претстави, манифестации како „Нишвил џез-фестивал" и други.

Стамбол-капијата е симбол на Ниш и главен влез во тврдината. Локациски ги поврзува центарот на градот, преку реката Нишава со фамозното утврдување. Мермерната плоча што се наоѓа над масивната дрвена капија е поставена во 1723 година и ги обележува завршните работи на тврдината. Во горниот дел се наоѓаат пушкарници и кружни отвори за топови. Во засводениот премин се наоѓаат простории за стражари и затворски ќелии.

**АМАМ (Турска бања, 1498)** – Амамот се наоѓа на самиот влез во тврдината, од левата страна. Се смета дека е ова најзачуваниот објект во тврдината од владеењето на Османлиското Царство. Изградена е како еднополова бања која можеле да ја користат или само жени (дење) или само мажи (ноќе).

**АРСЕНАЛ (1857)** – Сместен десно од влезот, арсеналот претставувал складиште во кое се чувале топови, барут, топовски ѓулиња и друго оружје и муниција. Арсеналот е денеска изложбен простор на Галеријата за современа ликовна уметност.

**АНТИЧКИ ТЕРМИ (IV век)** – Сместени на самиот влез на некогашниот град Naisusa, термите биле задолжителни бидејќи секој кој сакал да влезе во градот, морал претходно да се искапе. Зачуван е речиси целиот комплекс.

СПОМЕНИК МИЛАН ОБРЕНОВИЌ (1902) – Ова е споменик на кнезот, а подоцна и крал Милан Обреновиќ, подигнат во 1902 година во знак на благодарност кон војската што го ослободила Ниш од петвековното турско ропство.

**БАЛИ-БЕГОВА ЏАМИЈА** – изградена од јаничарскиот наредник Бали Бег од Едрене, ова е единствена зачувана џамија во тврдината. Со своите лакови и сводови и раскошно украсени прозорци е симбол на исламската архитектура.

ЛАПИДАРИУМ (I– IV век) – Збирка од надгробни споменици, најстара во Србија.




**Амамот во Нишката тврдина.**
*Извор: mapio.net*



**АНТИЧКА УЛИЦА СО БАЗИЛИКА (II–IV ВЕК)** – Сочуван дел од античка улица со базилика која заедно со уште еден објект со сводови го сочинувала средишниот, најраскошниот дел од античкиот Ниш.

**БАРУТАНА (1723)** – Објект за складирање на барут и муниција на оддалечените делови од тврдината. Вкупно ги имало пет.

**СПОМЕН-КОСТУРНИЦА (1927)** – За време на Првата светска војна, бугарската војска била сместена во тврдината и ги користела подземните ходници како самици и мачилишта. Голем број Нишлии и српски востаници се убиени овде во 1917 година по неуспешното Топличко востание. На местото на стрелањето, во рововите на Тврдината, е подигната спомен-костурница, а северната капија, низ која заробениците биле водени на стрелање, оттогаш се вика „Капија на смртта".

**ПАЛАТА СО ОКТОГОН (IV век)** – Палатата е најлуксузниот објект наследен од 4. век. Според начинот на градба, украсите и пронајдените предмети, се смета дека му припаѓала на некој големец од римско време, можеби и на самиот Константин Велики.



**Бали-бегова џамија.**





Медијана.



## МЕДИЈАНА И ХРАМОТ

Ниш е родниот град на Константин Велики, римскиот император кој во 313 година го издава Миланскиот едикт со кој се забранува прогонството на христијаните и се прокламира верска толеранција. Градот и тоа како го чува култот на својот заштитник.

Античката населба Медијана крие тајни за раскошниот живот на Константин и неговите војсководци. Медијана на 5 километри од Ниш се наоѓа покрај самиот пат и содржи дваесетина т.н. викендици на римските големци.

Медијана била царската вила која служела и за уживање, но и за вршење на царските должности. Тука се собирал данокот и понатаму се дистрибуирал за да се издржува големиот чиновнички апарат.

На царот Константин Велики и неговата мајка Јелена, Нишлиите им изградиле и им го посветиле храм во дворот на новиот парк „Свети Сава“ во Ниш.

## ЧЕГАР

Чегар е една од локациите во Србија каде што се случила битката кај ридот Чегар во близина на Ниш, дел од Првото српско востание. За првпат бил означен на 4 јули 1878 година со следниот натпис:

„До војводата Стеван Синѓелиќ и неговите неумрени херои кои ги загубија животите на 19 мај 1809 година во нивниот напад на Ниш. Кнез Милан М. Обреновиќ IV и неговите храбри војници ги откупиле на 27 декември 1877 година со освојување на Ниш.

Денешниот споменик во форма на кула е симбол на утврдувањето на војниците и е подигнат по повод педесетгодишнината од ослободувањето на Ниш од Турците, на 1 јуни 1927 година. Во 1938 година во полукружната ниша на споменикот, била поставена бронзена биста на Стеван Синѓелиќ.

## ЌЕЛЕ-КУЛА

На 4 километри од центарот на Ниш се наоѓа т.н. Ќеле-кула. Била изградена од страна на Османлиите од черепите на убиените српски востаници предводени од Стеван Сингелиќ во битката кај Чегар. Во кулата се сoѕидани черепите на 952 востаници, во 14 реда по 17 черепи.

Со текот на времето, кулата пропаѓа. Поголем број од месното население ги откопува скелетите од кулата за да ги закопа соодветно. Сега кулата е дел од Нишкиот музеј, а туристите секојдневно можат да сведочат за храброста на 4000 востаници кои му се спротивставиле успешно на огромниот турски аскер, како и на суровоста на Османлиите кои на овој начин сакале да спречат понатамошни буни кај нишкото население.

## НАЦИСТИЧКИ ЛОГОР „ЦРВЕН КРСТ“ – ДЕНЕС МЕМОРИЈАЛЕН МУЗЕЈ „12 ФЕВРУАРИ“

Еден од најтемните периоди во историјата на Србија сигурно е пресликана во поранешниот концентрационен логор „Црвен крст“, односно сегашниот музеј „12 февруари“. Посетата на ова мрачно место што ќе ве одведе во најсивата зона на она што човековиот ум може да го смисли за омраза и за истребување на дел од човечкиот род е задолжителна за да се разбере овој дел од историјата.

Логорот кој требало да биде само привремен, го добил името според близината на зградата на „Црвениот крст“ и на железничката станица во близина.

Низ овој логор поминале повеќе од 35 илјади луѓе, а третина од нив ги загубиле животите. Дел од нив умреле од болест, дел биле убиени во кругот на логорот, додека најголем дел биле стрелани на блискиот рид Бубањ.

Имало четири категории затвореници. Првата категорија биле заложници. Тие служеле за одмаздничка погубување. За еден убиен окупаторски војник – 100, а за еден ранет – 50 заложници. Втората категорија биле Евреите. Третата категорија затвореници биле лица уапсени под сомнение дека му припаѓаат или дека соработувале со комунистичкото Националноослободително движење и воените единици на Јосип Броз Тито. Четвртата категорија затвореници ја сочинувале оние кои биле уапсени под обвинение за припадност или соработка со Југословенската армија во татковината, под команда на воениот министер, полковникот Дража Михајловиќ.

Кон крајот на јануари 1942 година, на ридот Бубањ секојдневно се случувале масовни стрелања на илјадници луѓе поради наводна соработка со партизаните. И покрај добрата фашистичка организација, на 12 февруари 1942 година се случило првото бегство од концентрационен логор во Европа. Затворениците не можеле повеќе да чекаат и да го одложуваат бегството бидејќи за утредента сабајле во 4 часот било закажано нивно стрелање. Иако петнаесет затвореници успеале да побегнат, четириесет и двајца не успеале во тоа и биле убиени. Во наредните денови, дури 800 луѓе од логорот биле стрелани во знак на одмазда, а најмногу од нив биле Евреи.

Особено страшно место во логорот претставува поткровјето. Таму биле сместени Евреите со своите машки деца. Таму се наоѓаат 19 полусамици во кои зрак светлина влегува низ едно тесно отворче горе на покривот. Постои сè уште и една целосно темна самица која сведочи за тоа каков третман имале најнепослушните, на кои и по неколку месеци им било скратувано правото на јадење и на светлина. Останатите спиеле на слама на подот.

***„Се сеќавам дека таванот беше полн со Евреи, додека на понискиот кат беа нивните жени со децата. Машките деца кои имаа над 14 години, беа префрлени на таванот со татковците. Евреите ги доведуваа од сите краеви на нашата земја, па дури и од некои други држави“***, сведочи Милорад Николиќ.

Особено потресни се сведоштвата на преживеаните деца во логорот, како и на помошниот персонал кој бил дел од сите настани. Додека мајките и татковците ги воделе на стрелање, децата ги лажеле дека ги носат во Белград, па децата им „пишувале“ што да им донесат како подарок.

***„Ми остана во сеќавање судбината на едно еврејско семејство од Заечар. Тие беа лекари кои ги лекуваа сиромашните. И покрај напорите на населението да бидат ослободени, тоа не се случи. Родителите и едното машко дете набрзо беа стрелани, а трите девојчиња беа со нас во соба. Носеа долги плетенки, а ние им предложивме да ги скратат за да не фатат вошки. Едната рече дека не смее без одобрение на мајка си. Доктор Пијаде предложи ,да ѝ напише писмо на мајка ѝ‘ која наводно била во Белград. Беше многу трауматично да се гледаат како им пишуваат на родителите кои веќе одамна беа стрелани. Средното девојче ми рече: јас сум сигурна дека мајка ми нема да го добие писмово бидејќи повеќе не е жива. Еден ден и нив трите ги однесоа на стрелање, а ние весело им мавтавме трудејќи се да не дознаат каде ги водат“***, сведочи Мирослава Савиќ.

## СПАСУВАЊЕТО НА БЕБЕТО ЖЕЛИМИР

Една од приказните за спасувањето на логорските бебиња е онаа за бебето Желимир. Неговиот татко Конрад Жилник од Словенија и неговата мајка Милица Шуваковиќ биле познати партизани. И покрај животот под лажно име, Милица била откриена и одведена во логорот во Ниш. Пред да биде стрелана на Бубањ, родила здраво машко дете. Бидејќи тоа многу плачело, затворскиот лекар Велизар Пијаде воочил шанса да даде мислење дека детето е многу болно и мора во болница. Бебето го презеле тројца членови на Црвениот крст и потоа ѝ го предале на тетката која го расте во Драгутиново од февруари 1943 година.

Лекарот Велизар Пијаде подоцна бил откриен дека им помага на затворениците и бил стрелан на Бубањ. Неговата ќерка Јелисавета била интернирана во Аушвиц и таму ја дочекала слободата.

Овој логор, денеска меморијален центар „12 февруари" наречен по датумот на првото бегство на затворениците, останува застрашувачко место за посетителите. Кога ќе ги погледнете затворските ќелии и останатите куршуми на надворешниот ѕид на логорскиот двор, како повторно да ги доживувате мачењата и убиствата на илјадници луѓе кои последниот здив го испуштиле токму овде на ова грозоморно место.



## БУБАЊ

Ридот Бубањ е пак, особено застрашувачки за посетителите. Денеска место за организирање пикници, некогаш стрелиште за Евреите, Ромите и партизаните. Овој рид е избран за најстрашните репресалии на нацистичкиот режим. Поради неговата близина до градот, жителите на Ниш веројатно секојдневно го слушале пукањето од егзекуциите.

Високо на ридот доминира споменикот во чест на жртвите во логорот кои биле стрелани овде – три монументални тупаници (машка, женска и детска). Поставена е и композицијата од 5 елементи „Фабрика на смртта", на која на модернистички начин се прикажуваат сцени од машините за убивање, стрелањата, бунтот на народот, капитулацијата на освојувачите и победата. Реченицата „Нè стрелаа, ама никогаш не нè убија, никогаш не нè покорија", врежана во споменикот, претставува надеж во идеолошката борба, повик за зачувување на идентитетот, набој за постојаност, лојалност и верба дека ваквите ставови живеат во народот.

Целиот рид е испресечен со јами и гробови на стреланите луѓе.



Бубањ.



## БОГАТА И НЕПОВТОРЛИВА ГАСТРОНОМСКА ПОНУДА

Нишката гастрономска сцена е и традиционална и современа. Пред дваесетина години, позната била нишката скара, ќебапи, вешалици, раженчиња со лук. Сега сопствениците на кафеани се сетиле и нудат некои ребрендирани традиционални специјалитети како јунешки опавчиња, овчите уштипци, панираните пиперки полнети со сирење, трљаница и друго. Повторно проработе дури и познатиот Американец на ридот над Ниш, во кој некогаш се веселеле Ричард Бартон и Елизабет Тејлор, на врвот на холивудската слава. Забавата ја организирал Маршал Тито, зашто црногорскиот режисер Булајиќ го убедил да го ангажира Бартон за да го претстави во филмот Битката на Неретва, а брачниот пар, пак, дошол на локалниот актерски фестивал.

Сепак, кој сака подобро да се запознае со автентичните нишки специјалитети, би требало да го посети „Два фенера", во нималку атрактивниот дел од градот околу пазарот или да појде во „Зврк", во главната Вождова улица, особено во летните месеци, бидејќи ресторанот има прекрасна бавча под липите и одлични моравски салати или леб запечен со црвен пипер. Тој специјалитет Нишлиите го викаат „албанска салата".

Повторно работи познатата кафеана „Галија" по која познатиот бенд го добил името. Месните специјалитети се одлично подготвени, речиси да има музика во живо секоја вечер, а персоналот е услужлив.

Одличен џигер во скрама има во кафеаната „Код Рајка" во популарното Казанџиско сокаче.

Во кафеаната „Орач" можете да нарачате одлична лесковачка мучкалица, селско месо или што било на скара бидејќи е навистина вкусна и извонредна.

Неизоставен дел од посетата на речиси секој Македонец на Ниш се кафеаната „Мрак" и барот „Немир". Лоцирана на периферијата на градот, оваа кафеана го гради своето реноме меѓу посетителите веќе 30 години.

Сè на сè, ако сте во Ниш, ќе доживеете едно уникатно искуство, вистинско историско, архитектонско, духовно и гастрономско доживување. Дефинитивно гратче кое не смее да се пропушти да се посети.

Нишка чаршија.



# УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ ДОБИ ПРИЗНАНИЕ ЗА НАЈИНСПИРАТИВЕН ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ

**Универзитетот Скопје ги мотивира младите луѓе да учат и да откриваат нови хоризонти инспирирајќи ги студентите своето образование да го продолжат во Македонија.**

**Мисијата на високообразовната институција е препознаена од заедницата, а Магазинот „Убавина и здравје“ на УТМС му додели признание за најинспиративен приватен универзитет.**





Универзитетот Скопје доби признание за најинспиративен приватен универзитет.



# ДУРБИН

Признанието им беше врачено на подмладокот на Универзитетот, доц. д-р Ангела Миленковска-Климоска и м-р Љупчо Миленковски, кои се заблагодарија на наградата и најавија дека УТМС ќе продолжи да вложува во иднината на младите луѓе.

На 16. роденден на „Убавина и Здравје“ наградите одат во рацете на добрите луѓе, општествено одговорните компании, хуманитарците и активистите кои со својот пример поттикнуваат сите да направиме некое добро дело, порачаа организаторите.



**Доц. д-р Ангела Миленковска-Климоска и м-р Љупчо Миленковски најавија дека УТМС ќе продолжи да вложува во иднината на младите.**





Наздравуваме за сите досегашни и идни успеси.



Универзитетот Скопје во изминатите години активно ги поддржа сите амбициозни и талентирани личности да се запишат и да се стекнат со знаење на една од најдобрите високообразовни институции во земјава. Стипендираше стотици млади луѓе, меѓу нив и талентирани спортисти, а ги поддржа и најдобрите средношколци. Универзитетот Скопје сака да ги задржи младите таленти дома, да вложи во нивната иднина, а тие своето знаење да го искористат за подобра иднина во татковината.



УТМС сака да ги задржи младите таленти во Македонија.



THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation
certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for* ***three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy

# МАНЕВ: УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ МИ ГО ОСТВАРИ СОНОТ – ЗНАЕЊЕТО ШТО МИ ГО ПРЕНЕСОА НАЈДОБРИТЕ ПРОФЕСОРИ, МИ ОВОЗМОЖИ ДА БИДАМ ТУРИСТИЧКИ РАБОТНИК И ДА ЈА ИСТРАЖУВАМ МАКЕДОНИЈА

Туризмот е алка од која може Македонија да преживува, но и да живее. Иако сме мали по површина, големи сме по туристичките места и знаменитости. Сè повеќе млади пројавуваат интерес за патувања уште од средношколска возраст. Спасе Манев, кој со голема љубов студирал на УТМС, вели дека ако сакаат младите да го продолжат своето образование и да се стекнат со вистинско знаење, професионално искуство од реномирани професори, а притоа да добијат одлични услови, современа програма, интересни предмети и квалитетна пракса, треба да го изберат овој универзитет.

# ИДНИНА

## Спасе Манев, алумни на Универзитетот Скопје




„Патување низ Македонија“ е книга во која се прикажани фотографии и информации од туристичките места низ Македонија, археолошки локалитети, цркви и манастири, споменици на природата, пештери, водопади, културни знаменитости.

**Најубавите години од младоста вредат да се инвестираат во образовна установа со реноме каква што е УТМС, а вие сте еден од студентите кој го одбравте тогашниот Универзитет за туризам и менаџмент. Кој беше мотивот?**

Како голем вљубеник во туризмот и патувањата уште од мала возраст, по моето завршување на средното образование, во мене се роди желбата да продолжам да студирам туризам бидејќи тоа ме привлекуваше. По долго размислување дали да продолжам во странство или во Македонија, се одлучив да се запишам на Универзитетот Скопје, на Факултетот за туризам. Останав да студирам во мојот роден град и го направив правилниот избор на универзитет.

**Професорите за време на вашето образование при УТМС, беа главниот**

**канал за восприемање нови знаења и професионални искуства. По што се посебни, каков беше нивниот пристап?**

Професорите се главна алка на секој универзитет. Во овој универзитет работат едни од најугледните и најдобрите професори во Македонија, кои одлично им го пренесуваат своето знаење на студентите кои студираат на УТМС, а тоа го искусив од прва рака како еден од студентите кои го завршиле. Односот и пристапот кон студентите е на највисоко и најпрофесионално ниво. Иако не треба да се потценат професорите и на другите приватни и државни универзитети, професорите на овој универзитет на мене оставија голем белег и ми пренесоа голем дел од своето знаење, кое ми помагало и сè уште ми помага во моите туристички активности, а сметам дека и во иднина ќе ми биде од помош.

УТМС е пионер на национално ниво за квалитетот на образовниот кадар без кој самиот Универзитет немаше да прерасне во тоа што е денес. Што Ви остави најмногу впечаток во текот на студирањето ?

Голем впечаток на мене остави добрата организираност на Универзитетот, професионалниот кадар и пристапот кон студентите, одличните услови кои ги нуди Универзитетот и концептот на работа. Секој нов студент на УТМС ќе го почувствува тоа.

**Да се прими знаење од искусен кадар каков што има УТМС е незаменливо затоа што тоа дава можност да се прошират хоризонтите. Вие го сторивте тоа со издавање на книгата „Патување низ Македонија“. Каков е нејзиниот концепт?**

Тоа е туристичка книга во која се прикажани фотографии и информации од туристичките места низ Македонија. Книгата опфаќа археолошки локалитети, цркви и манастири, споменици на природата, пештери, водопади, културни знаменитости итн. Книгата се пишуваше околу една година и е издадена на 10 април 2023 година. Идејата да напишам книга дојде од моите патувања и љубовта кон мојата татковина Македонија.

**Кога се појави првпат кај Вас желбата за патување и љубовта кон туризмот?**

Интересот за туризмот и патувањата ми се појавија од мал, од основно училиште, кога се сретнав со предметот Географија. Уште на почетоците, тој предмет ми стана омилен и почна да ми буди љубов кон туризмот и патувањата. Во почетокот патував со семејството, а потоа со пријателите. Македонија е мала по територија, но огромна по нејзините туристички места и знаменитости. За да ја откријам цела, би ми биле потребни два животи. Иако сум бил во речиси сите делови од земјата, сепак таа сè уште не ми е целосно истражена. Сметам дека допрва сè уште ќе среќавам интересни места. Со патувањата низ Македонија поинтензивно

**Манев: „Македонија е земја на сонцето и на органската храна, со многу легенди и преданија. Во кој крај и да одите, ќе слушнете некоја интересна легенда од мештаните, која ќе ве привлече повторно да се вратите.“**



почнав по 18 години, по што сè повеќе се интезивираа и нема да запрат. Сметам дека сè уште има места што ми се непознати и неистражени во Македонија и дека допрва ќе ги откривам.

**Организацијата е главен елемент. Дали се патувањата однапред осмислени или се случуваат по принципот „сега и во овој миг" тргнувам?**

Многу зависи од местото кое го посетувам. Секое место во Македонија е различно, па така и моите патувања различно ги организирам. Некои мои патувања ги правам во последен момент, односно еден ден пред да патувам, а за некои други ми требаат неколку дена, а се случувало да организирам патување и со недели. Голем дел од моите патувања се еднодневни, но се случува и да има такви каде што преспивам еден или неколку дена. Понекогаш се случувало среде патување да се променат планот и организацијата, но тоа е дел од патувањето. Секогаш сум подготвен на сè. Секое место кое ќе го посетам е посебно доживување и секаде супер си поминувам. Кога патувам, јас уживам во вистинска смисла на зборот.

**Може ли да ни откриете интересни легенди за одредени места кои може да ги привлечат луѓето да го посетат местото?**

Освен што е Македонија земја на сонцето и органската храна, Македонија е земја со многу легенди и преданија. Во кој крај и да одите во Македонија, ќе слушнете некоја интересна легенда од мештаните, која ќе ве привлече повторно да го посетите тоа место. Имаме познати легенди и преданија, како тие за Дојранското Езеро, Камените кукли во Куклица, Билјанини Извори. Имаме и помалку познати, но и такви што допрва треба да се откриваат. Ако треба да издвојам некои легенди, би ги издвоил следниве:

Легендата за Радиниот мост во Кратово: Девет браќа-ѕидари од кратовското село Крилатица решиле да градат мост во Кратово. Изградбата на мостот била аманет од нивната мајка. Поради тоа што Крива Река го однела Марков мост по кој често поминувала мајка им, таа им оставила аманет да изградат друг мост. Почнале да го градат мост, но тој постојано се уривал. Сè што ќе изграделе денски, навечер се уривало. Еден ден, сите браќа се договориле која од сопругите ќе им донесе утредента ручек, таа да ја заѕидаат во темелите на мостот. Сите браќа им кажале на своите сопруги да не носат ручек, освен најмалиот брат, кој заборавил. Следниот ден најмладата Рада зготвила ручек и го донела. Кога ја видел нејзиниот сопруг, силно заплакал. Најмалиот брат ги молел и ги преколнувал да не го прават тоа, но попусто. Ја молел и Рада да му прости што заборавил да ѝ каже, но веќе било доцна. Останатите браќа ја фатиле жива и ја заѕидале. Рада имала една желба пред да ја заѕидаат, а тоа било да ѝ ја остават едната града за да може да си го дои малото машко дете, па желбата ѝ била исполнета. Ова е една од најтажните македонски легенди, која со векови се прераскажува помеѓу народот во Кратово за Радиниот мост.

Легенда за село Бабино: Името на селото е добиено по една клетва во минатото. Во една куќа во населбата живеела една баба со снаите. Но лошите снаи ја избркале бабата од куќата и таа осамена живеела на падините на Илинска Планина. Осамената баба се налутила и го проколнала сиот женски род од тој крај: „Да даде господ на стари години да живеете осамен живот каков што живеам јас!" По клетвата на бабата, со годините во населбата имало само баби што биле осамени, без своите сопрузи и без семејството. По тоа населбата ја нарекле „Бабино".

Легенда за името на Кожуф Планина: Во минатото на планината живеел некој овчар со својата жена и својот син. Снемале леб, па мајката го испратила синот да се симне до селото и да купи леб. Му дала вода и храна и му рекла да си го земе кожувчето. Но, синот не сакал да го носи кожувчето, бидејќи мислел дека ќе биде топло. Тргнал да оди кон селото, но станало студено и почнал да си повторува: „Ах, каде ми е сега кожувчето, каде е кожувчето!" Од тој збор подоцна настанало

името на планината ,,Кожуф".

**УТМС беше дел од Вашето факултетско образование и Ваш избор. Зошто би им го препорачале на младите, матурантите, кои сега се на раскрсница и се двоумат по кој пат да тргнат?**

Туризмот е алка од која може Македонија да преживува, но и да живее. Иако сме мали по површина, големи сме по туристичките места и знаменитости. Сè повеќе млади пројавуваат интерес за патувања уште од средношколска возраст. Ако сакаат да го продолжат своето образование, односно да студираат туризам и да се стекнат со одлично знаење надополнето со професионално искуство од реномирани професори, а притоа да добијат одлични услови, современа студиска програма, интересни предмети и исклучителни можности за практична работа, во тој случај треба да го изберат Универзитетот Скопје. Многу земји во светот зависат од туризмот, а може и Македонија. На Македонија ѝ се потребни повеќе туристички работници и промотори, а еден од првите чекори е добро и квалитетно туристичко образование, кое во случајов го нуди Универзитетот Скопје.

**Македонија е преубава земја со многу неистражени места. Има огромен туристички потенцијал и ако правилно се управува со туризмот, може многу да се постигне. Македонија може да стане голема туристичка дестинација како за Македонците, така и за странците. Која е вашата препорака до секој Македонец?**

Речиси цела Македонија е неискористен туристички потенцијал. Имаме туристички места кои се светски, како Охрид, Кокино, Камени кукли, а имаме и места кои сè уште чекаат да бидат експонирани пред домашните туристи. Голем дел од местата се неистражени и за домашните туристи. Тоа што ѝ треба на Македонија за да се развие туризмот е добра организираност и инвестирање во туристичките места во земјата од страна на надлежните институции, но и во квалитетен кадар. Секој Македонец треба прво да си го цени своето. Треба поголема посетеност на туристичките места и знаменитости и поголема промоција пред домашните и странските туристи. Да се искористат социјалните мрежи за туристичка промоција на Македонија и да се мотивираат и другите да го прават тоа, односно промоција на Македонија и местата и знаменитостите што ги нуди. Иако сме мали и по површина и по население, сепак можеме и мораме да напредуваме на туристички план и да почнеме да се носиме рамо до рамо со останатите земји од Балканот, кои веќе се во подем неколку години station. Македонија се сака со срце и со душа, имаме огромен туристички потенцијал и треба правилно да го искористиме сите заедно и сплотено. За подобар туризам во Македонија.

**Манев: „Секој Македонец треба прво да си го цени своето, да се искористат социјалните мрежи за туристичка промоција на Македонија и да се мотивираат и другите да го прават тоа."**




UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Contents
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# ВО ВОЈНАТА КОЈА Е СТРАВ И ТРЕПЕТ, СЕ ВЕЕ МАКЕДОНСКО ЗНАМЕ И СЕ ПЕЈАТ МАКЕДОНСКИ ПЕСНИ НА ИЗРАЕЛСКА СВАДБА

Израел е мала земја. По површина слична на Македонија. Во оваа земја има речиси 10 милиони жители, што покажува дека е густо населена. Околу границата со Газа, се наоѓа регион со многу рурални населби и неколку мали градови.

Рахел Шели Друмер, македонска Еврејка во Тел Авив, горда внука на големиот лекар во Македонија Хаим Абраванел, кој и како човек и како доктор е познат хуманист што несебично им помагал на луѓето и ги лекувал. По него е именуван и Здравствениот дом во Битола. Таа живее и работи во Израел. Утрото ја буделе сирени, а вечерта слушала пукотници. Како е да се живее во Израел? Друмер раскажува за голготата која ја поминува израелскиот народ по нападот на Хамас, кој прв пат се случи во октомври минатата година.



**Рахел Шели Друмер, македонска Еврејка во Тел Авив, горда внука на големиот лекар во Македонија Хаим Абраванел.**
*Извор: Bitola news*

Седми октомври беше денот кога Израел ќе го памети. На фестивал ,,Супернова" во пустината во јужен Израел за време на еврејскиот празник Сукот, љубителите на музиката беа нападнати од палестински екстремисти во утринските часови. Дожд од куршуми на сите страни. Многу цивили бегаа и се криеја во грмушките од вооружените напаѓачи. Но сите ја немаа среќата да се спасат.

***,,Сирени за узбуна многу често се слушаа во појасот Газа. Одвреме навреме ги слушавме во изминатите 20 години, во овие населби, кои означуваа испукување на ракети. Во сите куќи во овој регион има скривници. Во секојдневието на жените, децата но и возрасните луѓе се научени штом слушнат сирена, да истрчаат право во скривница и да се засолнат најдоцна за 10 минути. Но, на 07.10 2023 година беше празник. На 5 километри од границата имаше светски музички спектакл каде присуствуваа неколку илјади граѓани, од кои најголем дел беа млади. Во 6 часот утрината одново засвири сирената. Во тој момент се сокрија жителите на градот и туристите кои беа дојдени на фестивалот. Но, овој пат не беше исто како и претходно. Од влезот на Газа влегоа терористи и ги нападнаа куќите и младите туристи. Сликата беше траорна. Напаѓаа и убиваа се што можеа да видат пред нив. Прозорите и вратите на куќите ги кршеа, а оние кои беа во скривалиштата ги извадија надвор. Ги малтретираа и ги убиваа со пушки или ножеви. Не гледаа дали***

**Поранешниот градоначалник на израелски Шаар Ханегев, Офир Либштајн, ја запозна и Македонија. Тој беше во Битола на 80-годишнината од депортацијата на македонските Евреи, а се сретна и со градоначалникот Тони Коњановски и учествуваше на Маршот на живите. Но за време на оружените судири со Хамас во октомври минатата година, тој загина. Офир беше убиен кога отиде да го брани градот за време на терористичкиот напад.**

*се мажи или жени, млади или стари. Жените беа малтретирани и нападнати. Страдаа и мали деца и бебиња. Онаму каде терористите не успеаја да влезат нивните куќи беа запалени и луѓето се гушеа внатре. Жителите на Газа не можеа да ги спасат ниту војката која беше постојано во регионот. И тие беа убиени. Но, оние кои ги оставија живи ги киднапираа и ги зедоа како заложници. Меѓунив покрај возрасни зедоа и деца и бебиња. Едно од бебињата имаше само три месеци. Тоа после десет месеци славеше роденден како заложник.*

*Во Газа сите се бореа против терористите. И стари и млади. Возрасните на 80 години помагаа да се носат болните од овој регион во болниците во Израел. На нивите фрижидери, во нивните срушени куќи се уште стојат листи со имиња на болни палестинци кои треба да бидат однесени во болница.*

*На 07.10 2023 година без најава и на големо изненадување, радикалната палестинска група Хамас со изненадувачка офанзива започна напад без преседан врз Израел. Во земјата беше прогласена воена состојба. Ракети беа испукани и во светото место Ерусалим.*

*Граѓаните се тресеа сите во своите домови, плашејќи се да не дојде терорист на вратата. Во првиот напад беа убиени илјада и двесте лица, само за еден ден. На војската и беа потребни неколку часа да се мобилизира за војна.*

*Веднаш почна да се носи и хуманитарна помош во Газа, но терористите од Хамас ја крадеа целата за нив“*, сведочи Рахел Шели Друмер.

Голем број на лица, Хамас зема како заложници. Една од нив е 19-годишната израелка со македонско потекло, Наама Леви. Многупати македонците во Израел повикуваа на единство и вклучување на македонската дипломатија во помош за неа, но се уште нема позитивен исход.




**Голем број лица Хамас зема како заложници. Една од нив е 19-годишната израелка со македонско потекло, Наама Леви. Нејзината мајка со слика во раката, се моли да ја пуштат.**
*Извор: CNN*

***„Младата Наама Леви се надеваме дека се уште е меѓу останатите заложници. За жал, се уште немаме никаква информација за неа. Нејзиното потекло е од Македонија. Нејзината прабаба Грациа Бивас е родена во Скопје во 1896 година. Роденденот на Наама беше на 19.06 годинава. Ние го прославивме со оптимистички мисли дека еден ден ќе биде меѓу нас. Го чекаме денот кога таа заедно со останатите заложници ќе биде ослободена од Хамас"*** вели Рахел Шели Друмер.

Војната има две цели, раскажува израелката со македонско потекло. Таа објаснува дека првата е да се ослободат сите заложници, а втората е да ја спречи Хамас да владее со Газа. Нродот го чека денот кога Владата ќе успее да се справи со терористите и сите заложници да бидат ослободени.

Но, жителите на Израел ја губат надежта. Илјадници излегоа на улиците и бараат нови избори. Се надеваат дека поинаква политика ќе донесе крај на војната во нивината земја.

Меѓународната заедница се обидува со преговори помеѓу двете страни, Израел и Хамас да постигне прекин ан огнот. Но, какво е гледиштето на народот во Израел?

***„Сметам дека избори во овој период од војната е проблем да се реализираат. Но од друга страна, доклку војната не заврши наскоро, нема да има друг излез освен да се промени власта и да се бара друго решение за преговори со Хамас.***

***Граѓаните мора да добијат услови за мирен и пристоен живот, со здравствен и образовен систем од двете страни. Овој регион има голем потенцијал. Тој може да биде рај на светот и иден Сингапур, но за тоа треба да помине време. Ова не е живот. Страв на секој чекор. Живееме со пукање, страдаат граѓани, страдаат деца. Живот конечно треба да дојде и во Газа. Жителите треба да добијат нормален живот, децата да одат во школо а не да држат пушки во рака и да учат како да се бранат или да убиваат"*** , објаснува Рахел Шели Друмер.

## ЕВЕ КАКО ИЗГЛЕДА ЕДНО СЕКОЈДНЕВИЕ ВО ИЗРАЕЛ:

*„Во центарот на Израел, се обидуваме да држиме рутина секојдневно. Навидум изгледа се нормално, речиси веќе нема ниту сирени. Но, војската е насекаде и стравот е голем. Не сме спокојни кога знаеме дека низ земјата страда некој друг. Културниот живот повеќе го нема. Речиси и да не се движиме навечер надвор. Со војниците се соживуваваме а со заложниците имаме камен на срце. Во оваа земја има речиси сто илјади раселени лица а многумина ги изгубија работното место, домот и нормален живот. Меѓунив има и наши пријатели. Солидарноста меѓу народот е навистана голема. Постојано се плашиме дали војната ќе се интензивира. За жал изгледа дека за Хамас, животите на луѓето немаат значење“* вели Рахел Шели Друмер.

Таа во целиот траор кој го доживува, во сета тага и сивило наоѓа утеха во хуманоста. Македонија и нејзините пријатели ширум светот ја сметаат за голем активист. Особено е позната во еврејската заедница. Исто како и нејзиниот дедо, големиот лекар Хаим Абраванел , познат хуманист кој несебично им помагал на луѓето и ги лекувал, и чие име го носи здравствениот дом во Битола.

*„Хуманоста е најголема вредност за еден човек. Хуманизмот е значаен за секоја вера. Хуманоста не познава граници, не познава определби, таа го опишува секој човек. За тоа научив од мојот дедо Др. Хаим Абраванел. Тој го почитуваше секој човек. Пред верата и нацијата, богатството и образованието треба секој да се гледа како човек и истиот да биде почитуван.*

**Граѓаните мора да добијат услови за мирен и пристоен живот, со здравствен и образовен систем од двете страни**
*Извор: Ramadan Abed, Reuters*



*Јас сум родена во Скопје ама голем дел од моето дество го поминав во Битола, кај моите дедо и баба. Една од посетите ме спасија од земјотресот во 1963 година, кога настрадаа и моите родители Др. Салватор Леви и Др. Рени Леви и мојот вујко Др. Нисим Абраванел. Само јас останав жива. Сметам дека духот на хуманизмот и мултикултуризмот кај мене доаѓа од старите битолски корени. Затоа постојано го посетувам Битола и продолжувам со развивање и зачувување на старото еврејско-битолско гробниште и со сите елементи од Битола и битолчани тоа трае со години"*, вели израелката со македонско потекло Рахел Шели Друмер.

За тоа колку ја цени нашата земја покажува и начинот на кој раскажува за неа. Во разговорите Рахел Шели Друмер многу често знае да каже дека ,,Македонија ми е срцето".

Таа во Битола доаѓа на секои три месеци.

*,,Таа е мојот дом. Мојот мајчин јазик е македонски. Куќата во Битола, драг новинар пријател ја крсти ,,Мала Битола". Македонскиот народ е многу пријатен и се чуствувам секогаш добедојдена. Често кога доаѓам во посета носам и пријатели од Израел кои ги запознавам со македонците. Сметам дека двата народи можат да инвестираат заедно во иновациите, во културата, во образованието."*

Гордоста за своите корења и ја пренесува и на нејзината ќерка.

*,,Мојата ќерка неодамна правеше свадба и свиреше македонско оро. Игравме сите а на грбот пријателите ми ставија македонско знаме. Сите го кренавме гордо додека се свиреа македоснки песни"*, раскажува израелката со македонско потекло Рахел Шели Друмер.




**Здравствениот дом во Битола го носи името на нејзиниот дедо, големиот хуманист, Др. Хаим Абраванел.**
*Извор: Општина Битола*

# РАСТАТ ЦЕНИТЕ ЗА ОДМОР, АМА ТУРИСТИ ИМА И ВО МАКЕДОНИЈА И ВО РЕГИОНОТ



## И СО ЗГОЛЕМЕНИ ЦЕНИ, ОХРИД И РЕГИОНОТ ОЧЕКУВААТ ДОБРА ТУРИСТИЧКА СЕЗОНА

**Ново лето – нови планови. Каде на одмор – во земјава или странство? Во регионот или на подалечни дестинации? Некои веќе до крајот на јуни ги искористија старите денови од одмор и заминаа на летување ако се земе предвид дека јуни беше навистина месец со високи температури, некои, пак, допрва прават планови каде да се поминат слободните денови од одмор.**

**Ако се суди според статистичките податоци, туризмот во земјава полека закрепнува. Официјалните статистики покажуваат позитивни сигнали за овогодинешната туристичка сезона, според кои од јануари до април годинава бројот на туристи е зголемен над 15 проценти. Раст има и кај домашните и кај странските туристи, а зголемен е и бројот на ноќевања.**

**Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на туристите во април 2024 година изнесува 81 752, од кои 23% се домашни туристи, а 77% се странски туристи.**

**Бројот на ноќевањата во април 2024 година изнесува**



Св. Јован Канео, Охрид.
*Извор: Macedonia Timeless*





151 720, од кои 28.8% се од домашните туристи, а 71.2% од странските туристи.

Во периодот јануари – април 2024 година, во однос на истиот период од претходната година, бројот на туристите е зголемен за 15.3%, и тоа: кај домашните туристи има зголемување за 7.4%, а кај странските има зголемување за 19.3%.

Во периодот јануари – април 2024 година, во однос на истиот период од претходната година, бројот на ноќевањата е зголемен за 15.2%, и тоа: кај домашните туристи има зголемување за 15.0%, а кај странските има зголемување за 15.4%, **стои во најновото соопштение на Државниот завод за статистика.**

Ако продолжи вака растот, туристичките работници очекуваат годинава да се достигнат рекордни бројки за туризмот во Македонија. Од асоцијацијата на хотелиери се надеваат дека годинава растот во секторот туризам ќе биде над 20 проценти, со што ќе се надминат сите претходни сезони.

# ВО ЛЕТО, ОХРИД Е ГЛАВНА ДЕСТИНАЦИЈА – СЕ БАРА МЕСТО ПОВЕЌЕ

Можеби немаме море, но имаме прекрасни езера, планини, реки, и затоа  Македонија има повеќе „адути“ за привлекување туристи.

А, премалку се епитетите кои можат да се кажат за прекрасниот Охрид и за Охридското Езеро. За време на продолжените викенди кои изминатиов период ги имавме во голем број, Охрид беше преполн со туристи. Освен домашни, има и странски туристи, а од мај традиционално секоја година доаѓаат и оние од Холандија. Така е и оваа година.

Холанѓаните, години со ред, се едни од најбројните туристи кои летуваат на охридско-струшкото крајбрежје и остваруваат најголем број ноќевања. Ова, во голем дел е благодарение на холандскиот писател А. Ден Доолард која во својот роман „Свадбата на седумте цигани“, кај нас преведен како „Свадба во Охрид“, пишува за својот престој во Охрид и за богатата историја и културно наследство на овој град.

Во Охрид, првите холандски туристи кои дојдоа организирано преку различни холандски тур-оператори како ТУИ и Корендор, според најавите, само од овие два оператори ќе реализираат околу 100 лета од Холандија до Охрид.

Во однос на цените на хотелските аранжмани, кои лани имаа драстичен раст, од Хотам велат дека инфлаторниот притисок полека се смирува, но за да може Македонија да привлече поголем број туристи и за да биде конкурентна пред другите земји во регионот, треба државна стратегија која сега се очекува од новото Министерство за култура и туризам, односно решавање на деталните урбанистички планови, зголемување на хотелските капацитети и подобрување на инфраструктурата, која е на ниско ниво.

Покрај многубројните активности кои може да се реализираат во Охрид, причина плус да се оди во овој туристички центар е и зголемената музичка понуда во текот на летниот период. Веќе се најавени концерти на голем број музички имиња од земјава и од регионот, а музичката понуда е наменета за сите вкусови, па така во најавите за гостувањата може да се сретнат имиња од турбофолк-сцената, па сè до претставници на рок и на класичните жанрови.

# КАКО СТРУГА – НЕМА ДРУГА

Туризмот заживеа и во Струга, иако секогаш може да се направи подобро и повеќе. Туристите, освен Охрид, ја посетуваат и Струга, а таму може да доживеете многу активности од алтернативниот туризам како планинарење, велосипедизам, параглајдерство, рибарство. Може да уживате и во долги прошетки, да се релаксирате со кафе покрај езеро или да се забавувате на плажа. Покрај прекрасните плажи на Охридското езеро, и Струга има многу што да понуди. Барови на плажа за добра забава или плажа каде што вистински ќе се одморите во мир – што и да одберете, нема да за зажалите. Најпознатите плажи се Версус, Аквариус, Автокамп „Ливадиште“, Женска плажа и Машка плажа. Едноставно, Струга е спој на природни убавини и културно наследство.



**Река Црн Дрим, Струга.**
*Извор: Macedonia Timeless*

## АКО СТЕ ВЕЌЕ ВО СТРУГА, ЗАДОЛЖИТЕЛНО ТРКНЕТЕ ДО ВЕВЧАНИ, РАДОЖДА И КАЛИШТА

Од градот Струга, Вевчани е оддалечено 13,5 километри и е првата македонска општина која е дел од престижната листа на најдобри светски зелени дестинации. Во светски рамки, само околу 500 локации можат да се пофалат со оваа титула. Во ек на туристичката сезона, Вевчани бележи солидна исполнетост. Најактуелни се еднодневни или викенд-екскурзии. Најбројни се туристите од регионот и организираните групи од Холандија и од Полска.

Ако сте во Вевчани, задолжителна е посетата на Вевчанските извори. Главниот извор е сместен во отвор на пештера. За време на прошетката до изворите по уредените патеки и мовчиња, ќе го почувствувате духот на местото



**Вевчани.**
*Извор: Куд Дримкол Вевчани*

Возење велосипед по планинските патеки, јавање коњи низ Јабланица, посета на многубројните цркви и манастири во живописната природа – сето тоа е дел од активниот туризам, кој е главната понуда секое лето.

## КАЛИШТА

На пет километри југозападно од Струга, веднаш на брегот на езерото, се наоѓа селото познато по старите цркви и манастири и по рибните специјалитети. Во Калишта, на самиот брег на Охридското Езеро, во природен карпест амбиент се наоѓа манастирот „Рождество на Пресвета Богородица“, меѓу народот познат како Калишки манастир. Во склоп на комплексот влегуваат една пештерска и една нова црква посветени на рождеството на Пресвета Богородица, црквата посветена на светите апостоли Петар и Павле и пештерската црква посветена на свети Атанасиј. Новата црква е обновена во 1977 година, а темелите датираат од XIII век. Во манастирот има монаштво и активен монашки живот.

**Манастир Калишта.**
*Извор: Off Road Macedonia*





**Радожда.**
*Извор: Macedonia Timeless*

## НА РИБА ВО РАДОЖДА СО ПОГЛЕД КОН ОХРИДСКОТО ЕЗЕРО

Радожда се наоѓа на западниот брег на Охридското Езеро. Од градот Струга е оддалечено 11 километри. Селото Радожда е едно од најубавите места во Македонија, а најзаслужни за неговиот шарм се рибните ресторани на платформа на брегот од езерото со многу цвеќе, вкусни специјалитети и спектакуларен поглед.

Да се јаде риба во Радожда е посебно искуство, зајдисонцата овде се приказна сама по себе, а местото е богато со културни и природни знаменитости.

## ЗАПОЗНАЈТЕ ЈА ПРЕСПА АКО НЕ СТЕ ГО СТОРИЛЕ ТОА ДОСЕГА

Додека е метежот во Охрид, во Преспа се доаѓа за релаксирачки одмор, уживање во природата, далеку од големите метежи. Преспа во себе крие голем потенцијал, неискористени капацитети и природни убавини. Климата, богатото културно-историско наследство и природните богатства се причина повеќе да ја посетите Преспа. Покрај крајбрежјето на езерото се наоѓаат голем број села, населби, летувалишта, викенд-куќи.

Од источната страна на преспанското крајбрежје се наоѓаат селата Љубојно, Брајчино и Долно Дупени. Оддалечени се само 15 минути од Преспанското Езеро.   Ова се едни од најубавите села кај нас. Следува Крани, а на самиот брег на езерото е сместена туристичката населба Сливница. Овде се наоѓа една од најубавите плажи во преспанскиот регион, долга околу 400 метри, со ситен песок.

На само неколку километри од Претор, во подножјето на планината Баба, е селото Курбиново, каде што се наоѓа познатиот манастир „Св. Ѓорѓи“, а во Подмочани може да го посетите етнолошкиот музеј каде што ќе имате можност да погледнете над 3.000 вредни експонати: прекрасни примероци на накит, оружје, стари монети и преку 200 различни македонски национални носии од различни региони на Македонија.

Отешево некогаш било многу посетувано место. Денес овде постои само еден хотел, а



**Преспанско Езеро.**
*Извор: Macedonia Timeless*

функционира и автокампот Отешево.

Во Стење се наоѓа една од најубавите плажи во Преспа. Во последните неколку години, туризмот во ова село се развива со силно темпо. Некогашната плажа е целосно обновена, поставени се нов песок и монтажни објекти на самиот брег и во езерото, а изградено е и ново шеталиште.

## ГОЛЕМ ГРАД ИЛИ ОСТРОВОТ НА ЗМИИТЕ

Единствениот остров во Македонија, островот Голем Град се наоѓа во големото Преспанско Езеро. На островот живеат стотици змии, кои според легендите го чуваат богатството на цар Самоил. На островот нема крволочни животни. Тишината на мирното езеро и звукот на инсектите единствено ја нарушуваат јатата од стотици кормorани. Од 14 јули 2008 година, Голем Град е отворен за посетителите.

## ГРЦИЈА

Каде и да одите во Грција, нема да згрешите. Нема сомнеж дека и оваа година мнозинството Македонци ќе заминат на одмор во Грција. Иако многумина од нив однапред го планираат одморот и веројатно веќе го одбрале аранжманот, сепак има и неколку кои допрва ќе одлучат каде да одат. Голем број туристи веќе уживаат на плажите низ Грција. Цените на храната и пијалаците во маркетите, ресторантите и кафулињата го следат европскиот тренд на раст во Европа, па оваа сезона тие се малку повисоки од минатата година.

Халкидики поради близината е најпопуларна дестинација за оние семејства со мали деца и за викенд-бегство на море. Со оглед на тоа што Грција поседува огромен број острови, секој е приказна за себе. Во оваа споредба ќе ги претставиме некои од нив каде што Македонците милуваат да одат на одмор.



**Тасос, Грција.**
*Извор: Tripadvisor*

## Тасос

Тасос навистина е скапоцен камен на Егејското Море. Островот е богат со шуми, каменоломи од мермер, злато, маслиново масло и мед. Тој е еден од најпривлечните егејски острови. Тасос својата убавина ја оправдал кај туристите како и кај мештаните благодарение на прекрасните плажи што никогаш не се претрупани со туристи и каде што секогаш можете да најдете своја сопствена плажа на која ќе уживате во недопрената природа. Рајската плажа, Мермерната  плажа, Салиара, Златната плажа, се едни од најубавите на островот.

## Лефкада

По само неколку дена престој, овој остров го пленува секој посетител, па така ќе останете без зборови да ја опишете неговата убавината. Јонскиот брег со скриените плажи е вистинскиот магнет кој во последните години се вбројува во самиот врв на светските дестинации за одмор. Центарот за сурфинг во јужниот дел на Лефкада, како и можноста за екстремен сурфинг со падобран на северниот дел од островот, го вбројуваат во самиот врв на атрактивните дестинации. Неговиот најпознат туристички бисер на источната страна од островот е гратчето Нидри, а пак на западната страна кон отвореното море - живописното гратче Агиос Никитас. Порто Кацики, Егремни, Катизма, Василики, се плажите кои задолжително треба да ги посетите.

## Скијатос

Припаѓа во групата на Северни Спореди, изобилува со борова шума, пространи плажи со ситен песок и кристално чисто море. Заедно со островите Хвар, Елба и Корзика припаѓа во групата на најзелените и најшумовитите острови во Европа. Островот Скиатос има површина од 50 км2 и преку 50 плажи со различна тематика. Овој остров, иако не е многу голем, нуди многу забава за сите возрасти, па затоа е омилен и помеѓу младите, но и помеѓу семејствата кои патуваат заедно. Во градот можете да уживате на прошетка покрај пристаништето, да седнете во една од многуте таверни, да навлезете низ тесните улички со продавници, а тука се и прекрасните кафулиња каде што може да се освежите со превкусен коктел.

**Скијатос, Грција.**
*Извор: visitgreece.gr*



## АЛБАНИЈА ОДЛИЧНО „ГАЗИ“ СО ТУРИЗМОТ

Албанија ќе ја дочека новата сезона со повеќе странски туристи од пред една година, барем кога се во прашање прогнозите на туристичките работници. Тие се задоволни со резервациите за албанското крајбрежје, особено во летувалиштата „ол-инклузив“ по должината на јадранскиот и на јонскиот брег.

Според Агенцијата за туризам на ОН, во 2023 година, Албанија беше на четврто место во светот во однос на највисок процентен пораст на меѓународните туристички пристигнувања забележувајќи раст од 56 проценти во споредба со 2019 година. На пример, Албанија пречека 7,5 милиони туристи во 2022 година, а во 2023 година дури 10,1 милиони.

Околу 974 илјади странски туристи ја посетиле Албанија во текот на месец мај, со што вкупниот број се искачи на повеќе од 3,3 милиони во првите пет месеци од годинава, па не е изненадување што очекувањата се големи кога е во прашање оваа сезона.

**Драч**, често се нарекува главен град на албанскиот туризам и има фер однос на цена-услуга. Овде велат дека летната сезона многу добро започна. Инаку, продолжувањето на сезоната од мај до крајот на октомври беше многу успешно минатата година, кога само Драч го посетиле околу 1,5 милиони туристи.

Се поголемата разновидност на понуди секако придонесува за растот на туризмот во Албанија, па во последните неколку години се изградени многу одморалишта кои според турскиот принцип нудат одмори кои вклучуваат сеопфатна услуга. .

Поскапувањето се чувствува и овде, па така оброк во ресторан кој во претходните години чинел околу две илјади леки, односно 16 евра, сега ќе изнесува 19 евра.

Има, сепак, хотели со ол инклузив каде сѐ уште е можно да се резервира одмор за четиричлено семејство до 1.500 евра, додека цените на југот од земјата се такви што сместувањето за седумдневен одмор во хотел на база полупансион е околу 600 евра. Сепак, дел од туристичките оператори велат дека Албанија се уште нема капацитет да се справи со толку голем прилив на странци. Освен Драч во Албанија можат да се посетат и Ксамил, Саранда, Валона, Химара, Дерми.

**Ксамил** е близу Саранда и овде се едни од најдобрите албански плажи, **Саранда** е главниот град по должината на албанската ривиера и овде вреди да се запре за да се почувствуваат градовите на плажа во Албанија.

Како дестинација за одмор, **Валона** може да се пофали со релаксирачки туристички плажи со кристално чисти води и шармантни одморалишта сместени во планините. **Химара** е мал град на албанската ривиера, на Јонското Море, со извонредни плажи во самиот центар и околината. Градот се наоѓа на околу 3 часа јужно од Тирана и еден час од Саранда. Местото е особено популарно меѓу семејните гости кои сакаат потивок одмор.

**Драч, Албанија.**
*Извор: Tripadvisor*



# ЦРНА ГОРА

Цените за летување во Црна Гора оваа година ќе бидат значително повисоки во споредба со изминатите години, покажуваат најновите податоци.

Според изјавите на претставниците на туристичките агенции, се очекува цените на аранжманите да пораснат за околу 20% во споредба со минатата година. Сепак и покрај зголемените цени туристичките работници од Црна Гора се надеваат дека ќе го одржат успехот на летната сезона.

Просечната цена за ноќевање за четиричлено семејство се очекува да биде околу 70 евра на ден, што сѐ уште е конкурентна понуда во споредба со слични дестинации како Хрватска и во Грција.

Сезоната во Црна Гора е започната, а морето е невообичаено топло за ова време од годината, велат туристи кои во моментов се таму на летување.

Сепак, за да уживате под чадор и на лежалки, секако, треба да потрошите пари. Во Тиват моментално за комплет лежалки и чадор ви требаат 15 евра, додека на плажите надвор од градот за комплет бараат и 20 евра.Што се однесува до другите цени, за фрапе на плажа треба да потрошите 2,5 евра, а за парче пица од три до три и пол евра, сведочат туристите.

Во Улцињ, пак каде мнозинството се муслимани се отвора и првата плажа за само жени кои носат хиџаб. Тоа ќе биде помало место од затворен вид, со капацитет од 10 – 20 лежалки. Пристапот на сите останати ќе им биде забранет.

Најпопуларните дестинации во Црна Гора се разновидни и привлекуваат туристи со својата убавина и културно наследство. Будва е позната по песочните плажи, Стариот Град и богатиот ноќен живот, Котор е совршено место за љубителите на природата, Тиват е модерна дестинација која нуди одлични можности за шопинг и одмор и е познат по својот луксузен марински комплекс Порто Монтенегро, Херцег Нови е идеално место за оние кои сакаат да комбинираат култура со релаксација на море.

**Свети Стефан, Црна Гора.**
*Извор: Times*



# ХРВАТСКА Е ПРЕКРАСНА, НО СТАНУВА ПРЕСКАПА ЗА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН!

Во Хрватска лани се одмораle 19,5 милиони туристи, од нив 17 милиони биле странски гости. Бројот на туристите во Хравтска се зголемил за 9,7 отсто, покажуваат најновите податоци на Државниот завод за статистика. Лани од туристите Хрватска заработила 14, 6 милијарди евра.

Хрватска е прекрасна, но за поголем дел од Македонците е скапа дестинација за летување, повеќе наши граѓани одат на сезонска работа, отколку на одмор. Во Хрватска минатата година имало намалување на туристите од Босна и Херцеговина и Србија. И овие земји, не се меѓу топ 10, чии туристи најмногу одморале на хрватското крајбрежје. Експертите ова го објаснуваат со поскапувањето на туристичките услуги  во Хрватска.

Најмногу туристи во Хрватска имало од Германија, Австрија и Словенија. Пораст на бројот на странските туристи имало и од азиските земји.

Но, како и да е, доколку одите на одмор нема да зажалите затоа што хрватската ривиера плени со со својата убавина без разлика дали одите во Истра и северниот хрватски брег (Пула, Ровињ, Риека, Опатија, Крк, Раб, Пореч, Новиград), Задар и централниот брег (Задар, Паг, Сплит, Хвар, Брач, Макарска, Вис) или Дубровник и јужниот брег (Дубровник, Корчула, Мљет).

**Шибеник, Хрватска.**
*Извор: Travel+Leisure*



УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ
- 2006 -



UN Tourism

# ЗАПИШИ СЕ

## НА УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

„

**УЧИ ОД НАЈДОБРИТЕ ЗА ДА БИДЕШ И ТИ НАЈДОБАР!**

**За себе и за твојата иднина.**

— доц. д-р Ангела Миленковска Климоска —

# Superbrands

## UNIVERSITY OF SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC